СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД III-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛІКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15 јули 1992 ГОДИНА**


1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 14, 21, 81
2. АБДИ ФАИК - 36, 87, 88
3. АЛИУ ЕШТРЕФ – 40, 110
4. АЛИУ ХАМИД - 94
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 105
6. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 6
7. ДАВЧЕВ САНДЕ - 78
8. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 114
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 30
10. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 84
11. ЕМИНИ ЗУДИ - 89, 91
12. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 18
13. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 47
14. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 105
15. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 81
16. ЈОВАНОВ РИСТО - 4, 5, 11, 103, 109
17. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 9, 24, 41, 56, 57
18. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 56
19. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 64, 108
20. КИТЕВ ЗОРАН - 84
21. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 79
22. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 32
23. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 102
24. МИНОВ ПАНЧЕ - 112
25. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 92, 115
26. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 34
27. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 22, 95, 96
28. ПЕТРОВ ТОДОР - 9, 59, 62, 63, 106
29. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 4, 12, 97
30. ПРЕВАЛА ШАБАН - 4, 28
31. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 46
32. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ - 44
33. САВРИУ ИЛЈАЗ - 14, 21, 66
34. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 2, 6, 8
35. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 3
36. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 34, 42, 78, 109
37. СУЛЕЈМАНИ ОЛ0МАН - 94
38. СТАНКОВСКИ РИСТО - 98, 113
39. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 100, 107
40. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - министер 7, 80, 90, 91, 93
41.ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 27, 113
42 ТОШЕВ БЛАГОЈ - 80
43. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 116
44. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 65
45. ШАКИРИ ХИСНИ - 94


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од третото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 1992 година

Седницата се одржа во сала број 1 во зградата на Собранието со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со Четириесет и втората седница на Собранието. Пратеници Димитар Димитровски, Петре Трајановски, Симон Наумовски, Газменд Ајдарага, Љубомир Поповски, Петар Гошев, Бранко Црвенковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата,

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Како што ви е познато Четириесет и втората седница на Собранието ја прекинавме на 24 јуни 1992 година, откако го разгледавме и усвоивме Предлогот за донесување на закон за престанок на важноста на законот за воведување на обврска за плаќање при патување во странство. Денеска треба да продолжиме со изјаснување дали Собранието го усвојува Предлогот, на оваа седница да се претресе и предлогот на законот за престанок на важноста на законот за воведување на обврска за плаќање при патување во странство.

I/2/jj/см

Кој е за, молам да крене рака . (51 пратеник креваат рака).

Дали има некој против? (5 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (17 пратеници}.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на овој закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на законот.

Законодавно - равната комисија поднесе амандмани на насловот и на член 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ристо Јованов поднесе амандман на член 2 по кој не се произнеле предлагачите на Законот, а не се произнела ни Комисијата. Само Комисијата за економска политика се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Ристо Јованов.

Ги молам предлагачите на законот да се произнесат по амандманот.

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, како предлагач на Законот за престанок на важноста на законот за воведуваше обврска за плаќање при патување во странство, овој амандман не го прифаќам од следните причини: Мислам дека ограничувањето на правата на човекот и на граѓанинот не може да биде по ниту еден основ,

I/3

Дали уште некој бара збор?

Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Најпрвин сакам да кажам дека за мене гласањето и минатиот пат беше нерегуларно и останувам на своето мислење од причина што еден дел од пратениците, не би сакал да ги именувам, прво гласаа против законот, а кога се изјаснуваа поединечно го променија своето мислење. Но, тоа е нивно право. (Реагирања од дел пратеници).

Второ, барам и Владата да се произнесе по амандманот и доколку Владата не се произнесе по амандманот, јас ги повикувам сите пратеници да гласаат против овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој уште бара збор? Господин Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Почитувани пратеници, имам една забелешка на претседателот Андов, кога се работеше за сите амандмани до сега баравме мислења од Владата. Во овој случај бидејќи е предлагач господинот Стоиле Стојков,дали има потреба да бараме мислења од Владата? Ако нема потреба, сакам овој амандман да го разгледаат две комисии, Комисијата за буџет и финансии и Законодавно - правната комисија како и другите матични комисии кои што се надлежни да го погледаат, зашто таква беше праксата од сите амандмани кога се расправаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Како што веќе беше речено и Комисијата за економска политика и развој го разгледа на господин Ристо Јованов и не се произнесе во прилог

на усвојување на амандманот, иако имаше дискусија, а бидејќи овој закон беше донесен во паќетот кон Антиинфлационата програма и со цел да се придонесе за стабилизирање на економските текови кај нас, меѓу другото и по пат на воведување на оваа такса, сепак, на крајот од гласањето не доби потребен број на гласови амандманот,и како таков не се усвои

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да појаснам околу забелешката на господинот Ристо Јованов. Амандманот службено до Собранието стигна и е заведен во 9,00 часот денеска и е пуштен во постапка и за мислење на Владата и за разгледување во комисиите. Некои од комисиите гледале, а Владата ако сакаме денеска да расправаме, а за тоа ќе одлучи Собранието, тогаш Владата мислењето може овде да го каже. Тоа е работата, инаку се се исцрпува со тоа дали расправата да ја одложиме, како што предложи госпоѓа Стојанова за после една пауза или сега да продолжиме со расправа.

Има збор господинот Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас останувам на она првобитното мислење, барам мислење од Владата, зашто до сега секогаш за секој амандман ако немало мислење од Владата, го остававме додека не добиевме мислење од Владата. Јас мислам дека овој закон не ни е толку итен, имаме многу поитни закони кои што во ова Собрание се вртат неколку месеци во Собранието. Затоа да добиеме мислење од Владата и на една од наредните седници да го погледнеме овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека сме стручњаци од мали работи да направиме да бидат големи. Видете во што се состои, не е мој револт, туку на некој начин сакам да се искажам дека ова Собрание, да се потсетиме, е највисоко тело во однос на законодавната власт. И овде често пати напоменуваме,дека ние се определивме како сите демократски земји да имаме законодавно, тоа е ова Собрание, извршна власт тоа е Владата и независната судска власт која што си е посебно сама за себе. Мислам децидно одговор добивме од Владата. И тоа не еден, туку два одговора добивме, наиме, дека Владата е против Законот што јас лично го поднесов за престанок на важноста на Законот за плаќање на обврска при патување во странство. Мислам да се најде само себеси и да не ни се случува, обвинувањата што на некој начин се преточија во Владата дека, три, четири итн., закони и одлуки се антиуставни мислам дека ред е, да не одолговлечуваме, да поминеме на гласање и да го изгласаме законот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господинот Гештаковски

**СЛАВЕ ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас сметам дека пак запагаме во одредени процедурални работи во однос на нашето функционирање и работење. Процедурата и Стоиле и досегашната наша пракса е јасна. Но, овде имаме еден друг случај. Предлагач е пратеник како овластен, а ставот на Владата е познат по овој закон во целост. Фактички тука има одредени дилеми зошто Владата законот не го поддржува во целост амандманот што доведува до одредени нијансирања во однос на примената односно пролонгирање на рокот. Инаку во однос на предложените амандмани што се поднесени на самата седница

деловнички добиваат третман на амандман поднесен во редовна процедура и тогаш веќе членот 332 од Деловникот е јасен Претседателот на Собранието веднаш го доставува амандманот до пратениците, а ак:о е предлагач, сега цитирам "и на Извршниот совет, односно на Владата кога тој не е, односно таа не е предлагач на законот што значи во конкретниот случај предложениот амандман- треба да оди на мислење на Владата, али во овој случај мислењето на Владата, во глобала и во целост е јасно - Владата не го поддржува во целост законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По право така е постапено со амандманот кој е упатен на мислење на Владата и пратениците во постапка. Владата како што знаете може да даде мислење, може да не даде мислење, може да даде позитивно или негативно мислење. Тука имаме ние претставници на Владата, слободни се да побараат збор. Овде се работи за предлог кој што не е предлог на Владата. Друга работа е ако е предлог на Владата и да има амандман на таков предлог, тогаш Владата мора да даде мислење.

Има господинот Тошевски, министер за финансии.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, основниот став на Владата по Законот е познат и тој не се менува. Се јавив за да потсетам повторно дека по основот по кој е предложен овој закон дека е тој неуставен. Владата има јасен став и молам да се има предвид тој став дека Законот има уставен основ. Ме чуди како Комисијата за економски прашања која е основното тело, работно тело на ова Собрание за автентично толкување на економските интереси по предлозите што ги дава Владата,

зазела таков став како што овде се изнесува.

Како што знаете тој закон е дел од антиинфлационата програма, не најбитниот, али дел, па во изјаснувањето овде би молел, за да не ги повторуваме од аспект на Владата аргументите што на минатата седница пошироко ги образлагавме, да се имаат предвид.

Во однос на конкретниот амандман, јас молам, сепак, да се дозволи ако има потреба од мислење на Владата,Владата да изгради став по тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е сега нов момент. Владата не успеала да изгради а сака да изгради мислење. И тоа е ве молам релевантен факт во одлучувањето на Собранието. Тоа имајте го во вид.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**

Видете, во ред е деловничкото објаснување. И така е. Меѓутоа, конечниот збор го има,токму, пак ова Собрание. И тоа исто така е деловнички. Јас само сакам, еве во образложението на амандманот на господинот пратеник Ристо Јованов, стои да се при- менува од 1 септември 1992 година итн. и поради тоа што е екот на туристичката сезона, потребна е заштита од одлив на девизи од Република Македонија. Јас не сакам да навлегувам, не сум некој економски стручњак, но мислам дека има тука доста економски стручњаци и можат да кажат на кој начин и како може да се заштити одливот на девизи, а не со овој износ од 30 германски марки итн. што според мене ќе кажам уште еднаш, на некој начин ова Собрание донесувајќи го тој закон му узурпира правата на човекот и граѓанинот, она

што го запишавме во нашиот устав. Јас мислам дека во основот на моето образложение, по кој основ го поднесувам предлогот на законот децидно стои дека е антиуставен, Во тоа е разликата. Економските интереси итн., мислам дека со тие 30 марки, дали ќе се собере еден милион марки итн., Републиката многу, многу нема да добие. А знаеме ако човек излезе со 30 марки дека може да изнесе 50.000 марки, да не навлегувам во оправдувањата на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само за една процедурална интервенција од господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За да си ги скратиме маките, бидејќи господинот Гештаковски го цитираше членот 332 од Деловникот, бидејќи не отворивме материјална расправа, барам претседателот да го почитува Деловникот и веднаш да прекине со расправа односно ја одложи расправата и претресот по интервенција на Комисијата за буџет и финансии и по барање на Владата, почитувајќи го членот 337 став 2 Собранието ќе го одложи претресот на амандманот ако подносителот на предлогот на законот, Владата или надлежниот одбор или Законодавно - правната комисија побараат, одлучувањето по амандманот да се одложи за да можат да го проучат и по него да се изјаснат. Со оглед на тоа што е процедурално прашаше и сврзано со Деловникот, барам претресот да се прекине и да се помине на наредна точка од дневниот ред,додека комисиите и Владата не го проучат.

II/1.- ПЈ-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Ристо^Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господинот Стоиле Стојков рече нешто и за економскиот аспект. Јас би рекол ако некој однесе во странство илјада марки и сака таму да ги потроши, може слободно да плати 30 марки и да му останат 970, па пак ќе помине како бог. Според тоа, не држи ништо. Понатаму, нешто зборуваше дека овој закон не е уставен. Јас би рекол дека тој е така добро уставен што јас и верував на оваа експертска влада, тие се се доктори и академици и тие рекоа дека законот е уставен. Сега незнам кој стручњак дали Стоиле Стојков по правото или овие доктори што ги гледаме од десната страна. И самиот министер рече дека законот е уставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви дадов збор во врска со интервенцијата на господин Петров. Само тоа, не е за амандманот го образложуваш. Ви дадов збор по интервенцијата и во врска со интервенцијата на Петров, затоа што вие сте предлагач. Да ви дадам едно разјаснуваше. (Стоиле Стојков бара реплика.) Во материјалната расправа ќе добиете збор и тогаш ќе дадете реплика. Да објаснам, Ристо Јованов дојде овде да зборува во врска со предлогот на господинот Петров, затоа што тој е предлагач и имаше право да се произнесе. Тој излезе од темата и затоа го упативме да си седне на место. Инаку, нов момент е само што господин Тошевски рече дека Владата сака да изгради мислење. Надлежна комисија е Комисијата на господин Превала за економска политика и затоа во овој момент не му давам право на реплика на господинот Стоиле Стојков од причина што искажаното од

II/2.-

Ристо Јованов не е во врска со ова што тој доби збор овде. Затоа, ја завршуваме расправата по овој закон, сега ја прекинуваме и одиме на првата пауза Владата да изгради мислење. Доколку се смета за надлежна Комисијата треба ... (пратеникот Стоиле Стојков доаѓа до говорницата). Јас ја прекинувам седницата. Господинот Стојков сака овде да прави скандали овде. Вие ќе добиете збор по тоа, а сега не може така. Ве молам, ќе ја прекинам седницата ако вие не дозволувате да биде водена во согласност со Деловникот. Тоа така не може. Седете на место, законот ќе дојде и тогаш вие ќе кажете кои се аргументите и се што ќе биде во ред. Имаме деловничка интервенција и само таа има сиал во овој момент. Затоа ја прекинувам седницата откако господинот Тошевски навистина кажа дека тие ќе изградат мислење на Влада по овој амандман. Значи, оваа точка ја одлагаме за паузата.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за боречки додаток на учесниците во НОБ од Егејскиот дел на Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите 'на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Би сакал претставник на Владата да излезе и да се произнесе во име на Владата околу оправданоста на донесувањето на овој Закон бидејќи јас сум на мислење дека се додека постојат живи борци овој закон не треба да

го укинуваме. И од ред други причини, бидејќи предлагач надлежен е Министерството за труд и социјална политика, а има голем дел од учесниците на НОБ од Егејскиот дел на Македонија кои што својот работен век го поминаа во земјите на Источна Европа ! и истите тие луѓе до скоро време примаа пензија од источните земји кои што пензии сега им се драстично намалени. Јас сум спремен да покажам и некои писмени барања од такви граѓани кои што сега примаат пензија по 5 или по 6 американски долари месечно. Затоа, барам претставник на Владата да се произнесе околу оправданоста за донесувањето на овој Закон, односно укинувањето на Законот, како би можеле со чиста совест да гласаме за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Се сложувам со господинот Пановски и молам претставник на Владата да го образложи законот, затоа што да не дојдеме до забуна. Да видиме потоа што решаваме. Треба да имаме предвид една работа дека и во западните земји и во источните земји борците од 1941 година односно од Втората светска војна тие не се привилегии, но на- вистина ги уживаат правата. Ќе ви дадам еден пример, во Канада каде што има мои луѓе беа борци, ранети итн., тие земаат околу илјада и 260 долари месечно. Сите луѓе кои што се бореа против фашизмот, жалосно е сега да најдеме некој закон и да ги укинеме не привилегии туку тие со право ги уживаа и треба да ги уживаат. Но, меѓутоа да стане претставникот на Владата, да образложи што се бара со новиот закон.

II/4.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за оправданоста, а и целта за донесувањето на овој закон мислам дека е напишано во Законот и тоа стои во образложението зошто се предлага еден таков закон и мислам дека имавме време сите ние тоа да го прочитаме и да ја дознаеме целта и образложението на законот. Но, бидејќи тука се бараше да каже Владата зошто предлага еден ваков закон, прво да расчистиме дека овој закон не е за пензионери, ниту за пензии од Егејскиот дел на Македонија туку на оваа категорија на работници кои дошле од источно - европските земји односно од Егејскиот дел на Македонија, бидејќи не оствариле до просечна плата во бивша Југославија просекот на СФРЈ зголемена со 6% тој просек, доколку тие имале пониска плата во ОЗТ поранешни а сега во претпријатијата, од овој извоз, на таа категорија борци за Егејскиот дел од Македонија им се признавал овој додаток, заштитен додаток, како боречки додаток. Така, оваа категорија сега веќе нема ниту едно барање од ваквите лица, бидејќи фактички тие се вклучени во процесот на производство и немаме такви лица со ниски лични доходи во стопанството на Република Македонија. И од тие причини, бидејќи немаме никакви барања, а вкупните се 250 корисници за целиот овој период цениме дека нема потреба веќе да постои еден ваков закон. За ова имаме добиено и писмено мислење и согласност со боречката организација на Република Македонија. Мислам дека не треба да ги поврзуваме пензиите затоа што нема врска со пензискиот систем, тоа е друго прашање, а ова е само на вработените кои не остварувале по разни причини и не можат да остваруваат просечна плата од бивша Југославија зголемена со 6%. Така, во овој дел тие биле рамноправни со борците од НОБ во нашата земја, во Македонија кога се бореле, бидејќи тие имале такво право. Сега бидејќи такви барања немаме две години уназад и

II/5.-

мислам дека нема потреба да стои еден ваков закон. Ова е накратко образложението, инаку, поопширно образложение има во законот и мислам дека на комисиите тоа добро го расчистивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Дали сега е јасно образложението? (Да)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за престанување на важноста на Законот за боречки додаток на учесниците во НОБ од Егејскиот дел на Македонија.

Кој е за, молам нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (7)

Дали некој е воздржан од гласање? (2)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот  на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој е за, да крене рака? ( Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важноста на Законот за боречки додатоци на учесниците во народно-ослободителното движење од Егејескиот дел на Македонија.

Минуваме на **<u>точка 9</u>** - <u>Предлози за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за посебен додаток на пензија на определени корисници на пензија - со Предлог на закон</u>.

Предлогот за донесуван>е на законот, со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК и мислењето на Владата на Република Македонија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за престанување на важноста на законот за посебен додаток на пензија на определени корисници на пензија.

Молам, кој е за да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува до гласање? (не)

II/7.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласаше? (2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2. Владата на Република Македонија не го прифати овој амандман а Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК не го поддржа.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Го повлекува амандманот)

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важноста на Законот за посебен додаток на пензија на определени корисници на пензии

II/8.-

Минуваме на **<u>точка 10</u>** - <u>Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.</u>

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК, Комисијата за финансираше и буџет и Комисијата за земјоделство, шумарство ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ГОРАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сметам дека Предлог-законот за измена на законот за пензиско и инвалидско осигурување, иницијатива на Александар Гештаковски на денешната седница би требало ова Собрание да го усвои. Имајќи ја предвид старосната структура на оваа категорија на земјоделци, а во функција на нивниот досегашен придонес во целиот повоен развој, а со обезбедување на социјална сигурност и минимум на егзистенција, притоа треба да се напомене дека овие земјоделци ова право го стекнуваат после 65 години на старост, односно после 68 годишна старост, а имајќи предвид дека оваа категорија на земјоделци се и единствени жители во поголем број на селски населби, од таму предлагам овој закон треба да биде прифатен без претензии дека ќе влијае на минирање на антиинфлационата програма на Владата бидејќи за време на оваа антиинфлациона програма одредени придонеси се зголемени за 240%.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Овде не се согласувам овој закон да се применува од 1.Х1., а го поддржувам амандманот на господинот Горѓи Котевски затоа што овие пензионери денес примаат само 250 денари, а тоа е еден килограм леб. Затоа предлагам овие 8.250 денари, министерот нека ме исправи ако не

зборувам точно , да почнат да се применуваат од 1.У111 со 253 денари, тоа е срамота и подобро е да им ја укинеме таа пензија па да важи некаде од 1.Х1. Затоа, ги молам пратениците овде да бидеме единствени на тие луѓе да им помогнеме овие пари од 250 кои треба да ги примат 8.350 денари, незнам колку точно да почне да тече од 1.УШ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандман на член 3 со кој не се согласил претставникот на Владата на Република Македонија а Комисијата за труд и социјална политика не го поддржа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, претходните дискутанти кажаа дека стојат за поддржува на овој амандман, јас сакам само да го повторам она што го кажаа некои од претходните дека со овој амандман и со донесувањето на овој закон мислам дека ние како пратеници, ако ништо друго во овој македонски парламент за овој мандат што го имаме ќе направиме едно најголемо дело, најголем чин, затоа што најзапоставената, најпотценетата класа на работници во Република Македонија, тоа се земјоделците и селаните, навистина ќе добие едно задоволство и барем еден позитивен третман од нас како пратеници и како

законодавно тело. Тоа ќе биде една сатисфакција за селаните, бидејќи овој износ што ќе го добијат не ја решава нивната материјална положба, туку ќе биде еден почетен стадиум за целосно решавање на овој проблем. Затоа, уште еднаш од името и на претходните дискутанти ве повикувам да го изгласаме овој закон со овој амандман и да важи од 1 август. Тука е исправката.

III/1 рд/вц

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ми се чини за сите нас амандманот на господинот Котевски е најправеден, бидејќи сите ние потекнуваме од такви семејства и тие се малубројни, тие земјоделци стари и изнемоштени и за неколку години тие ќе исчезнат. Еден месец порано или два месеца порано не значи ништо за државата. Ќе ве молам да бидеме едно ласни да се прифати амандманот, и да гласаме за луѓето кои се веќе на изумирање. Тоа не е којзнае каква сума на крајот на краиштата, ама еден човек стар да си купи цигари една кутија и ќе рече ова ми го даде државата. Према тоа, ќе ве молам да помине овој закон.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, ова укажување на пратениците за амандманот мислам дека немаме којзнае какви аргументи ние тоа да го побиваме, бидејќи состојбите се тие кои вие ги изнесувате тука и оваа категорија на земјоделци прима колку што примила и досега. Но бидејќи ние го прифативме заклучокот на Собранието, иницијативата на Гештаковски да пристапиме да го решиме целосно овој проблем на земјоделските пензии, со што ќе влијаеме за подобруваше на нивната материјална и социјална положба, ценевме дека законот тоа го обезбедува и ќе го обезбедува. Ние предлагаме од 1 ноември да се применува Законот од следните причини: прво, цениме дека до тогаш ќе биде веројатно во сила антиинфлационата програма на Владата, односно на Собранието на Република Македонија. Во таа антиинфлациона програма не се билансирани средства за оваа намена. Исто така ни следи сега ребаланс на буџетот. Во досегашниот буџет ние немаме дополнителни средства за оваа намена, а тоа би изначело ако се применува од 1.08. дека ќе треба додатни оптоварувања од додатни извори да се обезбедуваат средства, месечни кои изнесуваат некаде околу 330

милиони динари нови или за три месеца пред ноември, тоа е некаде околу 1 милијарда нови динари. Од тие причини ние укажуваме дека ќе мора Собранието, односно Владата да изнајдат дополнителни средства кои не се билансирани во буџетот и дека тука ќе имаме проблеми. Доколку не можеме да ги обезбедиме, тогаш незнам какво фајде има ние ова право да го препишуваме само да се исплатува. Од тие причини ако може да се прифати за 1 ноември. Во име на Владата не би инсистирале на тоа само укажуваме. Инаку, за ваша информација овие земјоделци по овој закон ќе добиваат сега 11616 денари, 50% од најниската пензија. Така да еден огромен скок од 500 динари на 11616 денари, мислам дека оваа Република чини огромни напори за да се подобри материјалната и социјалната положба на оваа категорија на население, со овој наш предлог дека за два три месеца треба да биде пролонгиран рокот за примената, но право ваше е како ќе одлучите.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас овој амандман го поддржувам. Ако погледнеме кои се овие корисници на оваа пензија, која треба да важи од 1 јули, го поддржувам, бидејќи овие се старци, изнемоштени луѓе, сепак ова е сума за една држава многу мала. Меѓутоа, каков им е денеска животот што го живеат овие луѓе при оваа висока инфлација, при овие високи животни трошоци, тие немаат никаков опстанок. Знаејќи дека сепак нема средства, меѓутоа мислам дека подоцна нека се исплатуваат личните доходи за некој ден, нека мируваат другите трошоци што ги правиме, а кои можеме без нив, додека овие трошоци кои ќе ги дадеме за пензионерите, мислам дека сме во право и јас го поддржувам амандманот и молам да се гласа за амандманот, да им удоволиме на овие старци, земјоделски пензионери, да видат и тие среќа во оваа наша Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, нека крене рака? (55)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (78)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието до донесе Законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

По повод донесувањето изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување Комисијата за земјоделство и шумарство му предлага на Собранието да го усвои следниот заклучок:

(од салата се слушаат гласови дека Комисијата го повлекла)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Комисијата го повлекува? (го повлекува).

III/4

Минуваме на точката 11 - Извештај за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1991 година, со предлог на одлука за одобрување на завршната сметка за 1991 година, предлог на одлука за давање на согласност на собранискиот план за 1992 година.

Извештајот, завршната сметка, финансискиот план, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство, предлогот на заклучокот предлогот на одлуките и мислењата на Владата на Република Македонија ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по извештајот

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа. Пред нас имаме еден извештај од фондот за неразвиените подрачја за Република Македонија. Пред нас се поставуваат доста дилеми за овој извештај и за работата на Фондот. Меѓутоа, сакам да укажам на некои работи и се во ист контекст и се подудараат заедно со оној извештај што го даде Владата во врска со извештајот на фондот.

Јас мислам дека помина скоро година ипол, можеби и две ќе поминат од работата на овој Парламент. Меѓутоа ние и понатаму продолжуваме да работиме на стариот начин и методи. И овие фондови јас мислам дека треба на некој начин да се трансформираат и треба да се има поголема евиденција во нивната работа и во трошењето на средствата

Јас сакам да укажам на еден факт и на една реалност. Незнам дали вие ќе се согласите, незнам колку го познавате овој терен на Република Македонија. Станува збор за подрачја во нашата држава кој што се тотално неразвиени, во кои и човечката репродукција и било која репродукција од областа на стопанството е тотално занемарена. Меѓутоа незнам според кои

мерила и критериуми во овој фонд не нашле место и значење и апсолутно тие региони во Република Македонија не се третираат како неразвиени. Станува збор за реонот Мариово, а тој дел им припаѓа скоро на три општини во Република Македонија, тоа се Битола, Прилеп и Кавадарци. Тука има доста контрадикторни работи.

Од една страна во нашата Република, каде што најголем дел од овие средства, ако добро се прочита извештајот, најголем дел од тие средства што се користени за неразвиените подрачја, станува збор за местата од Западна Македонија, каде што навистина во поглед на структурата на населението и во поглед на популацијата, имаме една експлозија, популациона експлозија, а од друга страна во овој дел на Мариово, кој се смета како пограничен дел, а исто така и неразвиен дел, имаме една катастрофална состојба. Тоа зборува дека овој фонд не ја погодил точно својата суштина и своето постоење и егзистирање за она што треба да работи и функционира.

Мариово и понатаму останува најнеразвиено подрачје на Република Македонија, иако е погрничен појас, а вие знаете, а и порано добивте еден материјал, строго доверлив, што се во тој дел на Мариово и пограничен појас е направено. Иако прошетате малку на тој дел да погледнете на другата траница, во другата држава од границата ќе видите дека сите села се полни , егзистира во нив и население и градби и било каква репродукција, а од другата страна на границата во нашиот дел апсолутно се е испустено. Тоа зборува за еден негативен, недомаќински однос кон развојот на овие делови во Република Македонија. Затоа јас од оваа говорница а ние во Битола имавме и една специјална седница или состанок во врска со развојот на Мариово како област. Таа навистина за Република

Македонија претставува најголем предизвик и во Мариово може да се докажат сите способности на интелектуален, економски и било кој план, затоа што тука може да се направи една комплетна програма од страна на Владата или од страна на овие институции од Републиката што се занимаваат со таа област. Навистина претставува голем предизвик бидејќи има компаративни предности за нашата држава Меѓутоа, состојбата е таква каква што е, па затоа сакав само начелно да кажам дека овој Фонд навистина не функционира како треба и еднаш е време да престанеме да правиме само вакви фондови и да се вработуваат таму луѓе а додека главната функција она што е интенција на државата да го запоставуваме. Ние мораме да имаме рамномерен развој на сите делови во Република Македонија, мислам за оние делови што ги карактеризираме како недоволно развиени подрачја. Затоа мислам дека овој извештај не е доволен не е концизен нема јасни податоци, затоа што се мене ми се чини дека ќе бидам искрен, од каде што се политичарите, или од каде влијанието на одредени луѓе, таму се даваат и овие средства за неразвиените подрачја. Бидејќи од Мариовскиот дел голем дел од населението е иселено во прекуокеанските земји, исто така во него нема никаква инфраструктура, немало ни луѓе ни доволно политичари за да повлечат дел од тие средства за развој. Јас сметам дека овој извештај не треба да го прифатиме и конечно треба да се стави на ревизија овој фонд и раководството негово и луѓето што ќе работат во овој фонд. Оваа контрола треба да ја води строго Владата и треба ваквите фондови да се анулираат и да се сведат на минимум во поглед на работници, трошење средства и дослендо наменско користење на средствата за вистински доволно неразвиени подрачја, а не под мотото или под фарсата дека развиваме недоволно развиени подрачја,

ние правиме една дестабилизација во нашата држава. Реков и ќе повторам: на една страна правиме експлозионен бум со наталитет на население, стимулираме, вложуваме, а од друга страна опустошуваме еден цел дел, така што ја дестабилизираме и нашата Република. Затоа ве молам овој извештај и фондот да не се произнесете мислам во позитивна смисла и да го поддржиме извештајот на Владата што вие го имате пред вас и мислам дека го имате прочитано

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да дискутирам по основ на оваа точка, меѓутоа ме поведе господинот Котевски да реплицирам на одредени негови согледувања

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да дискутирате по точката вас не ве спомна за реплика

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Комисијата за економска политика и развој го разгледуваше овој извештај и во целост го поддржа истиот, со тоа што фондот во досегашниот период ја има исполнето својата улога и задача во однос на развој на неразвиените подрачја и краишта Останува сигурно понатаму, а тоа и Владата го најавува на одреден начин да се измени концептот за натамошниот развој на овој фонд, односно за нејзината трансформација на фондот, затоа што овој фонд и понатаму треба како таков да егзистира и дека заправо поради недоволниот развој на одредени краишта, тој јаз сеуште е присутен и затоа постоењето на овој фонд е и те како потребен, меѓутоа како што истакна, концептот на трансформацијата на фондот во духот на пазарното стопанисување и така натаму треба да го добие своето место во наредниот период.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

На дневен ред денес е извештајот за работата на Републичкиот фонд за побрзиот развој на недоволно развиените краишта во Македонија. Мислам дека тука треба да ја концентрираме дискусијата, а околу концептот само патем ќе кажам. Да потсетам дека ние ќе имаме расправа за концептот, односно моделот за побрзиот развој на недоволно развиените краишта во Македонија. Верувам дека на една од наредните седници ќе расправаме опширно околу тоа. Но да се задржиме на тоа што е. Мислам имавме прилика да го прочитаме извештајот, а и мислењето на Владата, свидетели сме на дилемите околу тоа колку, како во изминатата година е остварена таа политика со сите тешкотии што ја следеле итн. Околу тоа мислам дека има доста кажувања и во извештаите од Комисијата, особено од Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство итн. Мислам дека доволно е денеска ние и на седница да ги сублимираме нашите мислења и оценки околу функционирањето на овој фонд, со единствена цел токму за тоа кога ќе расправаме за концептот за остварување на оваа политика во наредниот период да ги поддржиме позитивностите, а да ги елиминираме негативностите во остварувањето на таа политика.

IV/1/јм/см

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: (Продолжение)

Патем да потсетам во оваа прилика тргнувајќи од она што господинот Котевски истакна дека политиката на побрз развој во Македонија како и во другите подрачја на поранешна Југославија се остварува врз база на одредени критериуми, врз база на закон и точно врз база на тие критериуми е прецизирано кои подрачја влегуваат како неразвиени. Јас воглавно сега ќе потсетам дека тоа се подрачја кои што се под 70% од просекот на општествен производ по глава на жител итн. Мислам дека не се остварува политиката на побрз развој по наоѓање на било кој од нас, туку врз база на верифицирани критериуми, врз база на критериуми кои што се познати во светот итн. А дека навистина има потреба во наредниот период посебно внимание да се посветува на компактно неразвиените подрачја, во развиените подрачја тоа е факт. Мислам дека и досега се остваруваше една таква политика со каков успех и до кој степен е остварувана говори самиот извештај. Сигурно дека тука влијаеле и доста тешкотии со кои што објективно се соочуваше фондот особено во минатата година, меѓу другото и заради не остваруваше на планираниот прилив од сојузниот фонд, а и неостварените средства и согласно Републичкиот закон заради познатите причини, тешкотиите во стопанството итн. Јас на тоа сакав да укажам со една препорака, сепак ние бидејќи денеска расправаме за извештајот истиот да го усвоиме со сите укажуван>а со цел да го отвориме токму тој пат за конципирање на новиот модел за побрз развој на недоволно развиените краишта со напомена дека токму ваквата политика на побрз

развој има цел да влијае меѓу другото и за намалување на миграцијата од неразвиените подрачја кон поразвиените и да влијае и врз стапката на природниот прираст на населението, бидејќи познато ви е дека лицата што се вработени и пообразовани нормално дека таквата политика на вработување и образование позитивно влијае врз помалата стапка на природен прираст на населението, нешто што е нормално во едно современо општество, нормално е да се води и една активна популациона политика. Меѓутоа, популационата политика може да се води и со вакви мерки преку таканаречени демографски инвестиции и преку побрз развој на недоволно развиените подрачја каде што за жал е повисока стапката на природниот прираст.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, разгледувајќи го извештајот кој што порано беше доставен до Собранието практично се совпадна со една обврска на Собранието во овој контекст и да расправа по однос на она што се обврски, што произлегуваат и од самиот извештај, односно од заклучоците кои што се предложени во делот на расправата, за претходната расправа по работните тела во Собранието. Ценам дека обврските за промени се неопходни од причина што Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиени краишта практично работи по еден закон кој што е донесен уште 1974 година со сосема мали измени и во правец на тоа да се прошири обврската на Републичкиот фонд во делот на пласиран>ето на средствата не само во делот на регионите, односно неразвиените краишта, туку и во делот на пласирањето на средствата во ридско - планинските и пограничните

општини кои што припаѓаат во развиените општини. Мислам дека во последните години од измената што настана настанаа и одредени промени што најверојатно ќе бидат регистрирани, односно веќе се регистрирани во анализата која што е направена во поглед на развиеноста во Републиката како основа што треба да послужи за донесуван>е на новиот закон за утврдување на критериумите за развој на неразвиените подрачја. Сметам дека Владата многу добро ги лоцирала проблемите кои што се во делот на текот на работењето на Фонтот и критички има добри локации во самата работа на Фондот со тоа што сигурно посебно би го потенцирал тоа што во делот на ефектите кои што се постигнати ако гледаме краткорочно сигурно дека последните податоци укажуваат на тоа дека со пласирањето на средствата од Фондот за неразвиени подрачја посебно во неразвиените краишта не се постигнати големи ефекти. Но, ако се гледа долгорочно сигурно дека се постигнати одредени ефекти заради тоа што носители на таквите зафати беа претпријатијата од развиените подрачја кои што на одреден начин отвораа одредени погони во неразвиените краишта, а со тоа што се загрози, односно се смали активноста во тие претпријатија сега застанаа активностите посебно во делот на тие погони што беа како диспензирани погони во неразвиените подрачја. Сметам дека тоа е резултат на вкупната состојба, а не е резултат на тоа што Фондот погрешил во делот на пласманите на средствата. Оттука сметам дека вложените средства што сега се таму вложени сигурно ќе најдат интерес во делот на сите промени што ќе настанат посебно во делот на приватизацијата која што не очекува тие објекти да си го најдат своето место во активирањето и тие вложени средства да ги дадат своите ефекти. Оттука сметам дека би

требала да биде и една интервенција од страна на Собранието во делот на заклучоците бидејќи денеска Комисијата за стопанство разгледувајќи ги материјалите од 45-та седница констатира дека е неопходно продолжуван>е на рокот за важноста на законот за финансирањето, односно важноста на законот за кредитирање на побрзиот развој за неразвиените подрачја и делот на средствата, тоа е другиот закон, Сметам дека во точка 3 од заклучоците би требало да дојде до одредена промена каде што некаде во средината на точката 3 е утврден рокот до кога треба да се донесат овие закони. Сметам дека тоа е невозможно да се направи бидејќи тој рок и денеска е надминат, а скоро за месец дена сметам дека би требало во тој дел во точката 3 да се уоквири, а така направи и Комисијата за стопанство, пред- ложи овие закони да се донесат заклучно со месец октомври 1992 година. Така што имаат и функција овие заклучоци што денеска ние треба да ги донесеме.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, јас можеби ќе повторам една реченица на претходниот дискутант сметам за потреба Републичкиот фонд за недоволно развиените краишта дека треба да подлежи на детално преиспитување. И се согласувам со извештајот на Владата, со тоа што целосно треба да се даде поточен одговор каде, во кои краеви поединечно да се каже за доделените средства за недоволно развиените краишта. Не сакам да навлегувам како било порано. Ние на нашите тела и комисиите и овде во Собранието разгледуваме неколку пати програма за развој на недоволно развиените, вклучувајќи го и Мариово, така што во 1991 година, 1992 година беа издвојувани  вакви фондови и

средства за недоволно развиените краишта. Меѓутоа од досегашната работа на тие доделени средства не може да се види каде. Само глобално таму се изработува програма, се прави анализа и од сето тоа мене ми се чини дека ништо не е сторено, туку парите се така испотрошени само за програми и за проекти и за одими дојди ми до местата и пак останува истото, одново се почнува пак на истата основа без ништо. Во текот на 1992 година, 1991, па и 1990 година беше речено дека ќе се доделуваат кредити за недоволно развиените подрачја на индивидуални семејства за унапредување на сточарството, пчеларството, земјоделието и други гранки. До денеска од тоа ништо не е сторено. Колку што знам јас има многу од индивидуалните земјоделци и сточари и други поднесено свои програми и со свое учество кои бараат да им се доделат средства од овие фондови за развој на сточарството, пчеларството и земјоделието. До денеска ништо не е дадено и луѓето се обраќаат и прашуваат, дојдени се тука во Скопје, поднесени се барања и до денеска ништо не е сторено. Ми се чини дека овие средства пак се отидени по некоја основа во некои општествени организации и преку нив да се доделуваат. Така што онаа грутката што треба од рака на рака да врви се топи и се смалува и на крајот излегува да испари.

Во планирањето исто така беше речено дека ќе почнеме со обновување на две села во неразвиените подрачја, со цел на повраќај на структурата на населението и задржување. Јас не велам дека има пари тоа веднаш да се направи, меѓутоа сметам дека апсолутно не е мрднато ни со прст, ниту милиметар не е појдено од тоа. Во 1992 година, 1991 година

беше барано и беа усвоени во извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство дека во ридско - планинските населби да се изградат неколку земјени брани кои не чинат многу пари, а кои ќе беа користени за напојуван>е, за наводнување, а можат да се користат истовремено и за риболов. Значи од три стопански аспекти да се користеа, до денес не е сторена ни една. Затоа предлагам овие фондови да ни се каже точно на кого му се доделени тие пари и колку пари во која година и за каква намена се дадени. Сметам дека еднаш треба да отпочнеме со давање на вакви кредити на оние заинтересирани кои сакаат да останат во тие неразвиени краишта за развој на земјоделството, сточарството и други гранки. Веќе луѓето бараат, сакаат да останат, сакаат да го развиваат, а ние со сила ќе им речеме пак да го напуштат селото, да бегаат, затоа што до денес ништо не сме сториле и никому не сме одобриле средства. Знам дека има поднесено многу програми за индивидуални и за овчарство и за краварство и за пчеларство, меѓутоа, до денес никој нема решено позитивна програма. Затоа предлагам Владата веднаш да направи биланс каде отишле и колку средства се дадени за овие три години 1990, 1991 и 1992 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, излегов само од причина што беа изречени овде некои оценки за работата на Фондот и резултатите од работата на Републичкиот фонд што се слушнаа од оваа говорница и што мислам дека не треба да останат така паушално. Се

почувствував и повикан заради фактот дека сум пратеник од Изборната единица бр.25, тоа е општина Демир Хисар која подолг период, целиот овој период пред нас што е, а видно е и од материјалот што деновиве го добивме како пратеници на Собранието дека по критериумите и општо признати други параметри што ги применуваат високо развиените индустриски земји практично истата изборна единица припаѓа во редот на најнеразвиените општини во Републиката. Но, за волја на вистината, јас се извинувам што излегувам од контекстот на извештајот, мислам и во рамките на она што беше дискутирано, мора да се каже дека Републичкиот фонд за развој на неразвиените подрачја во минатиот период со вкупната обременетост што ја имаше во своето работеше и во амбиентот во кој работеше во договорна економија со волонтаристички приод на решенијата што се носеа и во стопанскиот систем постигна завидни резултати од својата работа кои се видни на теренот и кои можат да се искажат и со егзактни показатели и временски и периодично и во секој момент. Јас можам да кажам дека на просторите во Демир Хисар и други општини кои ги познавам кои активно беа вклучени со реализацијата на програмите преку Републичкиот фонд и од податоците што денес се презентираат за степенот на развој на поодделни општини, да ги спомнам првенствено Пробиштип, Кратово и добар дел од Источна Македонија кои излегоа веќе од рамките на републичкиот просек и отидоа над републичкиот просек по одредени валоризирани параметри зборува со целосна сигурност дека фондот имал своја реална валоризирана функција. Тоа што одредени негови слабости се покажани во работењето и што не се иманентни на новиот начин на развој на Републиката и на новиот концепт на развојот и

што е согледан тој проблем и преку информацијата што деновиве ја добивме од Министерството за развој како материјал што ни едноставно јас верувам дека го имате погледнато, зборува дека се бараат решенија кој начин на разрешување на таа проблематика треба да се надградува, да се искористат сите позитивни достигнувања кои досега ги има собирано тој фонд, а исто така да се акцептираат и достигнувањата кои ги познава развиениот свет и кои се покажале адекватни во развојот на неразвиените подрачја.

Во таа смисла со оглед на тоа дека се работи за еден транзициски период давам целосна поддршка на извештајот кој ни е презентиран за оваа година, а впрочем ние и на наредната седница која треба да следи по оваа седница имаме две точки во дневниот ред кои се во непосредна функција исто така за транзиција на овој фонд во нова ситуација,тоа е продолжување на рокот до 31.12. за позајмица на средства на Фондот за функционирање додека се апсолвира новиот концепт за потпомагање на неразвиените и други специфични подрачја во Републиката,

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господо, колку што ми е познато постојат и светски и европски критериуми, да речам бившојугословенскр, па и сега еве македонски принципи и критериуми под кои одредени општини, одредени населени места се ставаат во онаа група на развиени, односно неразвиени општини, подрачја итн. Претходниот дискутант кажа дека на наредната седница 45-та имаме и материјал со посебни критериуми, проучени, обработени да речам еден перфектен материјал од кој може да се види кои

се се тие неразвиени подрачја и општини каде што треба да се пласираат средства за побрз развој на тие недоволно, или неразвиени општини. Според тоа, не треба овде од ова место пред јавноста да кажеме дека се форсираат одредени подрачја заради икс причини итн. Морам да ви кажам дека мене ми е позната работата на овој фонд, сб каде се пласираше овде на подрачјето на Македонија и со поранешното раководство покојниот Мојсов, а сега господинот Наумче Белковски. Мислам дека перфектно се работи на оваа проблематика, мислам дека се води добра контрола, јас имам само пофални зборови за работата на Фондот. И ако се држиме на тие критериуми тогаш многу поубаво и побрзо ќе дојдеме до подобри резултати од аспект на стопанскиот и другиот развој на Република Македонија. Се разбира во она време поранешно, па и сега можат да се надзираат и грешки. Да речеме имаме градба на одредени погони, диспензирани погони со стара технологија.

V/1 /ЛК/ОМ

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение).. .

Она што за нас важи во Скопје да речеме како развиена општина или град, или развиен погон во заедница на пример да речам со Демир Хисар, таму ќе изградиме фабрика за "Х" производ кој што за нас е неразвиен овде, старите машини ќе ги пренесеме таму ќе вработиме некои работници, ќе ги земеме средствата, нешто таму нешто во Скопје итн. Значи, треба да се води сметка во што се ќе се инвестира. Сега во моментот не ни е познато како оди таа работа, Меѓутоа да ви кажам еден пример од пред две три години. Имаме една ужасна слика која се однесува на следново.

Во една фабрика во Скопје се изготви една програма за развој на една општ^на односно на еден^ дел од општината, на една фирма, Таа програма содржеше 134 страници. Тука требаше да учествува и ФНП и РФНП и средства од банките. Таа програма мораше да се изработи по теркот на банките, по потпишан договор помеѓу Стопанска банка, Љубљанска банка, Бео банка односно сите банки во бивша Југославија. Таа програма се работеше б месеци. После 6 месеци отчукување, умножување и испраќање во Охридска банка зарад* тоа што во тоа време така потпаѓаше под таа општина и вратена назад заради тоа што најголем дел од средствата требаше да се употребат за градежни објекти, а тоа не смее да биде. Тоа е неефикасност. Ако 6 месеци јас работам една програма, ако не може таа да биде составена таа од 4 - 5 страници, како актива и пасива како што е пример со запад, не ќе бидеме пак неефикасни. Според тоа, мислам дека и Владата а и Фондот ќе мора да најдат начини и пад како при барањето средства ефектуирањето на средствата да биде што побрзо и за покус временски период. За да може инвестицијата да се врши, сигурно ќе

се избегнат и трошоци по пат на ова што е денес многу присутно хиперинфлацијата итн., и ќе се дојде до побрзо градење.

Она што претставува развиена општина кај нас во Македонија, тоа е супер неразвиена во некои други краишта во бивша Југославија односно Европа, меѓутоа велиме дека тоа за нас е развиено. Според тоа, ќе мора да се обратиме на нашата јавност. Ние знаеме што е Мариово, знаеме што е еден добар дел од Македонија, сакавме сите наеднаш да бидеме граѓани- тоа мора да се каже така, така го резонирам тоа, напуштени се селата, напуштена е и плодна земја, отидени се во Австралија, Канада, Америка. Сигурно и тие ќе треба да и помогнат на ова мала Државичка Македонија со свои средства. Пред некој ден гледав една емисија, гледам таму само старци и баби. Некој ги избркал? отидоа сами. Тоа дека некој ги избркал да го бришеме од умот. Ајде да создадеме средства и Владата и Парламентот ги подобриме тие инфраструктурни потреби по селата и еден голем апел нека живее во град, меѓутоа нека ја работи земјата. Така што да не ја фрламе топката на друго место некаде. Сигурно и популационата политика влијае многу, меѓутоа, мислам дека кај македонците по род, простете ми вака што зборувам, популационата политика многу негативно влијае. Не сакам да речам, простете за зборот, правете деца, бе луѓе, ајде, туку треба обнова, треба да се обновиме, нели? треба да има деца кои ќе работ- ат иваму и таму.

Да не должам многу на крајот пак еден апел до сите вас колеги пратеници, овој материјал кој ќе го разгледаме на идната седница, тоа значи веројатно денес ќе биде, да отвориме малку повеќе очи, ако не сме го прочитале да го прочитаме и ќе видаме дека е совршено добар материјал и ако така се однесуваме, нема да критикувавме никого, меѓутоа, ќе бараме

одговорност од претставниците на фондот, ако тие не ги спроведат задачите некакви какви што се, сигурно овде ќе ги критикуваме односно ќе бараме нивни замени на работите итн. Меѓутоа, јас верувам дека луѓето се добри и фондот ќе ја обави својата работа, пако немаме од некаде од друго место помош.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, материјалот што е предмет на расправа, од првобитно значење за нас би требало да биде нашето барање или ориентација напред себе да имаме една комплексна анализа, студија или целосна програма за развој на Република Македонија, посебна програма за развојот на неразвиените краишта. Дури тогаш врз основа на таа анализа се определени актуелните задачи т.е. краткорочна програма, среднорочна и долгорочна. Тогаш можеме тука со одговорниот и точност да, разговараме и да се договараме дали има потреба од фондот, како тој е искористен и заправо како треба да биде искористен.

Инаку, според досегашната практика може да се дозволи секој да настапува од своја позиција и од својот регион. Во тој контекст може да ми се дозволи и на мене од Скопје да кажам дека нашата општина е една од најнеразвиените, а тоа е општината Чаир. Нема да се налутите ако кажам дека освен градот Скопје, сета околија, сите села се типично средновековни, карактеристични, напредокот е евидентиран со личниот труд на граѓаните, со нивното одлучување да одат на печалба, да донесат девизи, да градат убави куќи, со самопридонес да прават водоводи и да асфалтираат улици. Шетајте Ги сите села во Скопска Црна Гора и повелете да разговараме може ли да се зборува за еден развиен крај. Господинот со

право зборува за Мариово, но дозволете да разговараме кога општините одлучуваат за се? Бидејќи тој паѓа под Битола, вината треба таму да се побара а не во Републиката и во Фондот. Значи во атарот или делокругот на една општина може да се квалификува во групата на развиени општини, друга во неразвиени, а во таа неразвиена да има извесни предности, а во друга да има недостатоци. Да не должам, би требало, ред е малку да се размисли, јас се залагам за една модерна ориентација, да се вклучи Институтот за економски истражувања, да се вклучи МАНУ и соодветното министерство , да се направи анализа и во нашата цел и насока да имаме модерна Република и држава, да се назначат предностите стратешки реални за републиката, а тука да не губиме време трудејќи се секој да каже нешто повеќе за себе, за да си најде некоја формална оправданост пред базата. Повелете, за Скопска Црна Гора да побараме анализа, селата три четири по- далеку горе до граница со Косово и да видиме дека засега навистина тие живеат во сосема ненормални услови. Но јас не смеам пред вас да кажам дека градот Скопје не е развиен, кога половина Македонија е тука. Ние сме развиени или неразвиени, ова е слика и прилика на оваа Република. Внатре, меѓу нас има кои стојат подобро и полошо инаку развиени не гледам јас во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Горѓи Котевски, но бидејќи е по втор пат, ве молам пократко.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Што е можно пократко.

Почитувани дами и господа, сакаме да бидеме реални или да не бидеме реални. Јас сакав да кажам дека оној начин, оној метод, на онаа

содржина на работа што беше во минатото дали сме спремни ние на некој начин да ја сечеме да продолжиме со нови квалитети. Тоа беше целата интенција на мојата дискусија, не ми беше за тоа јас да правам свој рејтинг или како парламентарец од таа изборна единица да правам незнам што на оваа говорница. Апсолутно. Ако ние не го почитуваме она што го дава како извештај Владата врз релевантни податоци, показатели и согледувања за овој фонд, а ние обратно, донесуваме овде позитивна одлука, го прифаќаме Извештајот, го пролонгираме п законот, а веќе поминуваат две години, тогаш на каков пат сме ние како Парламент и како пратеници, што суштествено ново сакаме да спроведеме, кажете. Овде од дискусиите на сите говорници произлегува дека ние во овој парламент за се треба да ласкаме. Јас не сум критизер, но кажете во овој фонд и со овие работи вие барем едно сознание дали немате за неправилност во работењето и за злоупотреба на средства, барем овие стопанственици што сте овде во овој Парламент, што сте подлабоко запознати со оваа материја. Да не навлегувам, јас реков има податоци, и оние што беа строго доверливи и како такви дадени, ако сакате и нив ќе ги кажеме овде, па да видиме што е сторено со човечката репродукција која е на минимум во овие делови, катастрофална. Од една страна групираме население, катастрофални последици се чувствуваат од тоа дури и на еколошки план, а од друга страна оставаме еден регион тотално да пропаѓа без ништо. Во тие рамки ми е дискусијата, а не обратно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Наќе Стојановски по втор пат.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Жал ми е ако погрешно бев разбран. Кога зборуваме овде за категории неразвиеност, региони, општини итн., не зборуваме врз основа на

романтични печатоци туку зборуваме врз основа на економ- ски параметри кои с. имаме во Информацијата и кои, досега сме ги имале во сите информации коп постојат и кои мора да се валоризираат. Тоа е првиот аспект за кој зборуваше овде колегата Ешреф Алиу. Колку што знам и колку што имам досега увид во многу други материјали за подрачјето за кое зборува господин Ештреф Алиу, не егзистира никаде податок врз основа на познатите економски и други параметри кои се применуваат за развој на одредени подрачја, поголеми или помали региони, да се сместува во тој контекст во кој тој стекнува впечаток шетајќи по улица или гледајќи кој како живее, туку постојат параметри кои науката ги верифицирала и кои се применуваат со одредени показатели, а нив можеме да ги најдеме во секоја информација која ни е достацна за сите подрачја во Република Македонија.

Моето излагање овде на говорница не беше за да користам јас некоја прилика за своето подрачје, туку навистина во контекстот на дискусиите што боа искажани на сметка на работата на Републичкиот фонд за развој, од аспект на показателите кои ги има постигнато моето подрачје, нужно бев предизвикан да го потенцирам тоа дека неблагородно е на таков начин да се дискутира кога имам показатели такви какви што ги има на просторот и што знам други показатели на просторите кои ги споменав и кои не ги споменав во оваа прилика, со целосно уважување на проблематиката која е искажана за сите слабости што во своето работење фондот и Републиката ги имаат покажано на планот на развојот на неразвиените подрачја и тој проблем е согледан од оваа сегашна структура, и од парламентот и од Владата и од Министерството и отворен е тој процес на транзиција и на решавања на таквата проблематика.

V/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Наум Белковски, директор на фондот.

**НАУМ БЕЛКОВСКИ:**

Господа пратеници овде се работи за разгледување на Извештајот со придружните документи, тоа е Финансискиот план и Завршната сметка. Во Извештајот е елаборирано она што е работено и тоа е предмет на презентација на самиот материјал.

Што се однесува до некои забелешки од господинот пратеник Котевски, кој ингерира одредени проблеми а кои се случуваат во едно подрачје наречено Мариово, кое е татко , кое подрачје практично е дете на тројца татковци, ние во овој регион кој е компактно заостанат имаме остварени два вида резултати. Се согласувам со констатацијата дека во делот на Мариово, а кој се однесува на Битолскиот дел резултатите се најскромни. Тој како пратеник најдобро би било подобро да ги познава од нас проблемите, тоа е исклучиво поради незаинтересираноста на самата општина, што претставуваа политички центри и каде што се водеа развојните и другите прашања како начин на решавање во досегашниот систем беше најмалку од нивна страна пројавена иницијатива за надминување на овие проблеми. Но и покрај сето тоа од страна на Фондот, на Фондот не му е специјалност да Ги решава проблемите на ридско - планинскиот и пограничниот појас бидејќи во Фондот основна функција и специјална функција и задача пред која одговара пред Собранието е прашањето на развојот на неразвиените општини во Републиката. Меѓутоа, оваа Република остана во еден меѓу простор немаше кој да ја реализира и со посебна Одлука на Собранието така некако ја предадоа, но ние најсериозно ја сфативме таа задача и во нашиот досегашен развој од осум години, заправо сега деветта година успеавме одредени резултати и со

претходната Влада и со сегашната на некаков начин да дадеме свој придонес рамките нас средствата. Резултатите треба да се видат на лице место во Мариово, Кавадаречкиот и Прилепскиот дел. Во Битолскиот дел тоа што е , е како такво, меѓутоа исклучиво не е тоа наша вина.

Што се однесува до презентацијата дека има програми, ве убедувам најсериозно ниедна програма до ниту една банка ниту до Основната банка ниту до Здружената банка односно Стопанска банка А.Д-Скопје ниту до Фондот до сега не е доставена. Направена е елаборација само со еден повратник во село Градешница и тоа како резултат на одредените разговори кои беа направени во Градешница и човекот тие програми сега ги подготвува но не се доставени, а тие како и секоја друга програма ќе одат на оценка и проверка на општествено економската оправданост.

Што се однесува до резултатите, во повеќе наврати и при доста продлабочени анализи,направен е осврт за резултатите и проблемите. сега резултатите говорат дека ние континуирано сме создавале и во тешки услови и при немање на средства итн., посебно овие подрачја се кадровски, комуникациски, инфраструктурно доста отворени во еден континуитет сме создавале резултати, меѓутоа опцијата од 20% да оствариме по брз развој во однос на просекот на Републиката не сме ја оствариле заради тоа што условите на стопанисување и самиот амбиент бил катастрофално лош во времето на предвидувањето и во времето на работењето и остварувањето на резултатите. Нашата политика, и едната и другата, се практични политики, нема теории. Ние или ќе направиме или ќе погрешиме или нема да направиме.

Што се однесува до грешките и злоупотреба од аспект на потрошокот на средствата, јас ве уверувам дека ние сме перманентно во континуитет под највисока контрола од тие кои се овластени, не од некои случајни луѓе. Досега не е констатирано заради тоа што целокупната работа е јавна поставена на стручни основи и таа се обавува скоро 30 години во Републиката.

VI/1 СП/НД

**НАУМЧЕ БЕЛКОВСКИ**: (Продолжение)

Околу резултатите можеби би биле подобри ако на поширок план сите заеднички сега и новиот систем кој треба да го градиме како и во изминатиот период успеавме да создадеме подобри резултати односно подобар амбиент заради тоа што развојот бара стабилни услови и треба да се гледа во еден континуитет на подолг временски период не од денеска за утре и бара трпеливост, истрајност, во спротивно и до сега создадените резултати ако не обезбедиме континуитет ќе се девалвираат. Исто е и прашањето на ридско - планинските и пограничните подрачја токму за овој период од две години за овие подрачја, тука имаме претставници од Владата ако не се согласуваат јас ќе кажам како што е, ние со ампутирањето на приливот на средствата на Фондот на федерацијата и со исцрпувањето на средствата и непродолжување на рокот од заемот за вработување практично овие подрачја кои се критикувани зошто нема развој не се обезбедени никакви билансни средства, никакви извори, тие дури со оваа година околу 200 милиони динари се ангажира еден дел од средствата за разрешување на недовршените објекти, тоа не обврзува буџетот и заклучоците од страна на Парламентот и дел на средства се насочени како иницијални средства во поддршка на изградба на стопанската инфраструктура. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас само ќе укажам дека ако ние расправаме вака секој за своите краишта ќе испадне дека во Македонија 120 краишта се неразвиени.

Меѓутоа, како да се насочи сето ова. Да имаме развиени односно да немаме недоволно развиени краишта.

Прво, имаме краишта каде што немаме живот, немаме население, немаме луѓе. Таму веќе се предвидува посебна програма, барем мене така ми се чини, за ревитализација на тие краишта. Меѓутоа имаме и краишта и населени места каде имаме население, имаме живот, но немаме стопански развој. Јас мислам дека така би требало да се насочат нашите дискусии за да се помогне во тоа кога ќе се експлоатира тој фонд или ќе се употреби тој фонд да се оди на две насоки. Една ревитализација на тие краишта како што реков каде што нема живот односно има, но сосема малку имаме луѓе затоа што тие села се напуштени. Имаме и такви краишта, како што реков^ каде што имаме население, имаме живот, имаме луѓе но стопански не се развиени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Мислам ако се држиме на точката од дневниот ред за Извештајот на фондот за 1991 година, пред се, требаше да констатираме дека овој фонд ја следи огромната агонија на дезинвентираност на Републикава и дека тоа доаѓа како резултат прво, на намалените извори на средства кои треба да го хранат овој фонд, а тоа е дека веќе не постои Фондот на Федерацијата, од каде се собираа значајни средства, дека се помали се вишоците во Народната банка на Македонија и дека овој фонд има своја ефикасност и примерливост ако го следат и други средства за заокружување на инвестиционите активности. Тоа беа разни фондови, Фондот на Федерацијата, банчаните средства, средствата на работните организации и еве како што беше речено тука и овие средства за вработување на невработените.

Фондот учествува само со еден дел во една инвестиција, тоа се движи од 15 до 50% во зависност од развиеноста на општината или регион, а останатите средства треба да се обезбедат од други извори или од изворите на инвеститорите. Спрема тоа, можеме да зборуваме само за една состојба која е присутна во Македонија каде немаме така речи никакво инвестираше и каде нешто егзистира овој фонд за да некое објектче се доврши и воглавно се решавале инфраструктурни проблеми во општините.

Јас сум за тоа да го усвоиме извештајот на Фондот, меѓутоа, добро е што се покрена прашањето да се направи една многу детална студија, а тоа не стои во материјалот на Владата од Министерството за развој за ефектите што ги даде Фондот, а и за негативностите, ако ги имало, за работењето на тој фонд и сега да предложи дали ќе одиме на развој на неразвиените општини или ќе одиме на развој на неразвиени региони. Тоа е многу значајна работа. Од искуство можам да ви кажам само тоа дека таму каде нема солидни инвститори, каде нема кадри, кај што нема луѓе нема развој. Спрема тоа, да завршам, да го усвоиме извештајот, а за фондот воопшто можеме да зборуваме кога тој ќе се постави на дневен ред со целосна анализа, со голем број податоци и ќе видите дека и овој фонд, јас еднаш реков, како што фондот за патишта има постигна чудесни резултати, секој ден се возиме и гледаме колку патишта има направено, а исто така ќе се види колку фабрики, колку рудници колку земјоделие развивме за овој период, колку општини подигнавме кои практично се испразнија, а веројатно можевме многу повеќе да направиме ако имавме поголема енергичност,поголемо знаење и поголема ангажираност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара. збор, го. заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот, се разбира, со сугестиите особено овие што ги даде господинот Горгиев, го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок. Отворам претрес по Предлог одлуката за одобрување на Завршната сметка за 1991 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлог - одлуката молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1) .т

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Завршната сметка за 19 91 година.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за давање на согласност на Финансискиот план за 1992 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (1) Дали има воздржани? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Финансискиот план за 1992 година.

VI/5

Преминуваме на **<u>12-та точка</u>** од дневниот ред. <u>Именување заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија е именуван Живко Тодоровски.

Му честитам во името на сите Вас.

Преминуваме на **<u>13-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Именување републички советник во Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека за републички советник во Собранието на Република Македонија е именуван Момчило Апостолов.

Преминуваме на **<u>14-та точка</u>** од дневниот ред <u>– Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.</u>

Предлогот на одлуката и извештајот на ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

Преминуваме на **<u>15-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд - Скопје I - Скопје</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје I - Скопје.

Преминуваме на **16-та точка** од дневниот ред – Предлог - одлука за разрешување судија на Општинскиот суд во Штип

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување судија на Општинскиот суд во Штип.

Преминуваме на **17-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Советот на Народната банка на Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Македонија.

Преминуваме на 18-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување и тоа:

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје;
- за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Филозофскиот факултет во Скопје;
- за разрешување и именување претставници на Републиката ««е во Советот на Факултетотот за туризам и угостителство - Охрид;
- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола;
- за разрешување и именување претставници на Републиката во Светот на 003Т - Стоматолошки клиники при Стоматолошкиот факултет - Скопје;
- за разрешување и именување претставници на Општествената заедница во Советот на Институтот за социолошки - политичко правни истражувања Скопје;
- за разрешување и именување претставници на Општествената заедница во Советот на Природно - научниот музеј на Македонија;
- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Македонската филхармонија;
- за именување претставник на Републиката во Советот на Институтот за старословенска култура во Прилеп.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките го ставам на гласање.

Кој е за Предлозите на одлуките, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување.

Преминуваме на **<u>19-та точка</u>** од дневниот ред - Предлог на одлуки за именување членови на комисии за именување индивидуални работоводни органи и тоа:

- за именување членови на Комисиската за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за урбанизам и угостителство - Охрид;

- за именување членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган на Филозофскиот факултет во Скопје;

- за именување членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган на Земјоделскиот факултет во Скопје;

- за именување членови на Комисијата за именување индивидуа- лен работоводен орган на Техничкиот факултет во Битола;

- за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за старословенска култура во Прилеп;

VI/10

~ за именување членови на Комисијата за изготвување предлози за именување индивидуален работоводен орган на Медицинскиот факултет во Скопје;

- за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје;

- за именување членови на Комисијата за изготвување предлог на именување индивидуален работоводен орган на Вишата земјоделска школа во Битола;

- за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет во Скопје;

- за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Земјоделскиот институт во Скопје.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за Предлозите на одлуките,молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови на комисиите за именување индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на **20-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на 003Т - Национален парк "Пелистер" Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Почитувани дами и господа,

Јас сум член на Комисијата за избори и именувања, меѓутоа, незнам по која грешка или било каков пропуст во оваа Комисија се избрани два од Парламентот и тоа Јаќим Ивановски и Наум Симјановски. Мислам од иста партија два члена во оваа Конкурсна комисија не би требало да бидат- Ве молам да прифатите еден кандидат на местото од Симјановски да биде Трајан Мицевски. Заради една промешаност на овие кандидати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања да земе збор.

Има збор господинот Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Сметам дека Комисијата нема можност да го менува предлогот, во рамките на Комисијата немаше предлози за измени и дополнувања. Инаку кога се предлагаат за вакви делегирања, пратениците имаат предност. Исто така и предлагачот е член на Комисијата, па можел таа можност тогаш да ја користи. Сега треба да се стави на гласање, ако не добие доволен број гласови ќе се врати предлогот на Комисијата и ќе поднесеме нов предлог.

VII/1/CC/лј

(господинот Стојан Андов се врати и продолжи да раководи со седницата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Збор побара господин Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**

Комисијата е помошно тело на овој парламент. Ние сега дефинитивно одлучува за овие членови.

Јас ве молам, мојот предлог, наместо двајца членови во оваа конкурсна комисија од реформските сили да влезе еден кандидат од ВМРО-ДПМНЕ, Трајан Мицески и тој е од Битола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според обичајот што го имаме ние можеме да го одложиме донесувањето на одлуката пак на Комисијата а Комисијата да даде предлог. Инаку, вакви предлози даваа само Комисијата за избор и именување, а не овде.

Јас можам да поставам предлог за изјаснување дали да се одложи одлуката.

Молам, кој е за одложување на одлуката да крене рака?(14)

14 гласа не се доволни за одложување на одлуката.

Според тоа, сега ни останува да се изјасниме кој е за Предлогот на одлука.

Молам, кој е за предлогот на одлуката нека крене рака?(41)

Дали е некој против? (4)

Дали е некој воздржан (6) .

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на

членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ОЗТ Национален парк,"Пелистер" - Битола.

Минуваме на **точката 21** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето, (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Фондот за пензиското и инвалидско осигурување на Македонија.

Минуваме на **точката 22** - Предлог за донесување резолуција за признавањето на Републиките на бившиот СССР како суверени, самостојни и независни држави и меѓународно - правни субјекти, со Предлог на резолуција.

Предлогот за донесување на резолуцијата со Предлогот на резолуцијата и извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

VII/3.-

1. Собранието констатира дека за признавање на држави и влади, согласно на. член 91 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија одлучува Владата на Република Македонија.

Согласно со тоа нема основ Собранието да донесува резолуција за признавање на Републиките од бившата СССР, како самостојни суверени и независни држави и меѓународно - правни субјекти.

2. Собранието оценува дека кон ова прашање Владата на Република Македонија треба да пристапи од аспект на интересите на Република Македонија тогаш кога ќе се создадат услови за меѓусебно признавање на Република Македонија и Републиките на бившиот СССР.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на надлежните работни тела да се достави до пратеникот Тодор Петров и до Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Пратеникот Тодор Петров побара збор пред да го ставиме заклучокот на изјаснување.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам дека заклучокот на надлежното работно тело, како предлагач на оваа резолуција не го прифаќам, а исто така и мислењето на Владата, од следниве причини:

Прво, бев пријатно изненаден заради тоа што предлогот на резолуцијата за признавањето на Републиките на бившиот СССР како суверени, самостојни и независни држави и меѓународно правни субјекти се става на дневен ред за прв пат после 32-та седница кога прв пат го поставив овој предлог, а тоа е 5 февруари 1992 година.

Сметајќи дека, по распаѓањето на Советскиот Сојуз, Владата на Република Македонија ќе донесе поединечни одлуки за признавање на сите Републики на бившиот Советски Сојуз како суверени, самостојни независни држави, ќе донесе такви поединечни одлуки, се надевам дека од делокругот

на работата на Владата, според Уставот, оваа работа ќе биде завршена. Меѓутоа, бидејќи Владата на Република Македонија, не донесе такви поединечни одлуки, предложив во Собранието да се донесе Резолуција како акт на Собранието на Република Македонија со кое ќе се задолжи Владата на Република Македонија, веднаш, безусловно и еднострано да ги признае сите бивши Републики на Советскиот сојуз, поранешниот Советски Сојуз, како самостојни, суверени и независни држави.

Според мое убедување, точно е дека парламентот нема надлежност да признава држави, меѓутоа со резолуција што е во согласност со член 279 од Деловникот за работа на Собранието, со кој акт се кажува за состојбите, проблемите, и потребите во определена област и се даваат задолжителни насоки за работа на органите, сметам дека Парламентот треба да ја прифати резолуцијата со која што ќе ја обврзе Владата во што побрз рок еднострано и без условно да ги признае бившите Републики на Советскиот Сојуз, донесувајќи поединечни одлуки и нивно признавање, како самостојни суверени независни држави меѓународно правни субјекти и за тие одлуки да ги извести нивните!Влади и парламенти, до владите и парламентите на сите бивши советски републики да достави барање за признавање на Република Македонија, како суверена, самостојна, независна држава и меѓународно правен субјект, да достави протоколи, за воспоставување дипломатски односи и барање за поведување постапка за склучување билатерални спогодби и договори за регулирање на меѓусебните односи во сите области од заеднички интерес.

За мене е неприфатливо мислењето на Владата во кое се вели дека за признавањето на бившите советски републики треба да претходи прибирање и анализа на релевантни факти и утврдување на нивното

значење од аспект на интересите на Република Македонија. Можност со која може оваа Република да си направи евтин маркетинг заради тоа што овие републики ќе поголем дел од членките на Светската заедница се признати.

Затоа предлагам Собранието да не го прифати предложениот заклучок, да се бараат некакви квази интереси па дополнително да се признаваат бившите советски републики, туку да ја прифатиме резолуцијата со која на Владата ќе и се наложи односно ќе се задолжи веднаш без условно и еднострано да ги признае сите бивши советски републики. Затоа, уште еднаш апелирам до пратениците да го прифатат предложениот текст на резолуцијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, тогаш одиме на изјаснување.

Кој е за предложениот заклучок, молам нека крене рака?

(Во салата настана жагор поради недоразбирање околу тоа за што треба да се гласа).

Ако не е јасно за што треба да се гласа, јас сега го прочитам заклучокот за кој треба да се изјасниме. Резолуцијата не е на дневен ред. Постапката во Собранието е изнесена овде, се по ред. Друга работа е, што Петров нема да гласа. Тоа е негово право.

Надлежните работни тела се изјасниле во врска со оваа точка. (Има барања од страна на пратениците уште еднаш да се прочита заклучокот).

Во расправата никој не зеде збор. Ја отворив расправата и го заклучив претресот. Никој немаше што да каже.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

VII/6.-

1. Собранието констатира дека за признавањето на држави и влади, согласно член 91 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија одлучува Владата на Република Македонија, согласно со тоа нема основ Собранието да донесува резолуција за признавање на републиките од бившиот СССР како суверени, самостојни и независни држави и меѓународно признати субјекти.

2. Собранието оценува дека кон ова прашање Владата на Република Македонија треба да пристапи од аспект на интересите на Република Македонија, тогаш кога ќе се создадат услови за меѓусебно признавање на Република Македонија и Републиките на бившата СССР.

3. Овој заклучок, земено со извештаи на надлежните тела да се достави до пратеникот Тодор Петров и до Владата на Република Македонија.

По заклучокот, господин Петров има што да каже. Ништо повеќе.

Господин Петров повторно бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точката на дневен ред гласи "Предлог за донесување Резолуција со Предлог на резолуција, а не заклучок по предложена резолуција.

Со оглед на тоа, предлагам прво да се изјаснат пратениците по точката на дневен ред, а ако не се усвои, да го постави заклучокот на работното тело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа се отвора претрес. затоа што е дадена резолуцијата, даден и предлогот на заклучокот и извештаите од Комисијата. Исто така и мислењето на Владата ви е дадено. Требаше, кога отворив претрес да кажете дека мислењето на Владата не го прифаќате и друго, дека работата ан Комисијата не ја уважуваше. Имате поинаков став. Затоа се отвора претрес.

VII/7.-

Бидејќи никој не побара збор во претресот мене ми останува само да го уважам досега сработеното во работните тела на Собранието. Дури потоа, по заклучокот овде зеде з бор господинот Петров. Тој рече зошто не го прифаќа заклучокот. Ништо друго. Објасни зошто не го прифаќа заклучокот.

Ако сакате да ја вратиме работата назад да отвориме претрес. Можеме да отвориме претрес. Секој нека каже што мисли да каже.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Таман работа како за секој точка 120 луѓе го кажат своето мислење за да оцениме дека заради тоа што се водел претрес треба да се гласа за точката на дневен ред. да тоа што е на дневен ред не мора да го расправа, да водам претрес по него за сепак да гласам за него. Затоа сметам, бидејќи точката гласи Предлог за донесување резолуција, прво тоа да се стави, па после нека се стави заклучокот ако не помине резолуцијата. Плус тоа, со оваа резолуција не предлагаме против уставна работа. Со оваа резолуција ја задолжуваме Владата да ги признае бившите советски републики а не парламентот да ги признае.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров инсистира редоследот на гласањето да биде друг. Да му го уважиме овој пат.

Но, тоа значи, дека апсолутно никогаш нема да уважиме што работеле работните тела. Ние мораме одлучувањето по секоја точка да го водиме во континуитет. Зошто ни се тогаш работните тела? Зошто се воопшто работните тела. Работата на Собранието е на работните тела и усмерувањето што се дава овде оди на изјаснување. Ако случајно има некој нешто против се изведува тоа.

Во ред, овој пат да направивме една отстапка.

Кој е резолуцијата да се признаат републиките од бившиот советски сојуз?

(Настанува жагор во салата поради неодобрување на ваквото работење).

Ве молам, сега да гласаме. Дали пак се од почеток ќе одиме. Има овде дадено зошто тоа не може. Има објаснување зошто не може.

Збор побара господин Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Очигледно дека оваа точка не е добро подготвена. Сметам дека лошо ќе прозвучи една ваква расправа да гласаме да не гласаме за резолуцијава.

Јас мислам дека треба да се одложи и на една од следните седници да се изјасниме за предлогот што е овде на дневен ред. Сметам дека во странство ќе се даде таков публицитет, може да се даде и да имаме некои последици по прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа го читаме текстот на заклучокот да не може да се даде друг публицитет освен како што е овде. Ненадлежно тело нема никаква врска да донесува такви одлуки.

Добро, ве молам, кој е за резолуцијата нека крене рака.(17) Сега видете,...

(во салата настанува жагор околу тоа за што и како да се гласа).

Дојдете да ја водите седницата ако знаете подобро. Како е можно тоа. Видите како дојдовме, како накриво ги водите работите. Сега што ќе правиме? Сега има заклучок, работните тела работеле.

Дали Комисијата го повлекува предлогот на заклучокот.

Кој е претставник на Комисијата? Инаку, настојувате фактички да елиминирате секаква работа на работните тела, ништо друго. Како е можно тоа. Како ќе работи Собранието во таков случај?

Кој е известител на Комисијата? Инаку, ќе треба да дадеме пауза да заседава комисијата да каже дали ги повлекува заклучоците

Има збор Алил Џафероски, известител на Комисијата.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Комисијата не може во овој момент да го повлече заклучокот ниту го повлекува затоа што станува збор за донесување на одлука за која овој Парламент не е овластен според уставот. Се знае кој донесува одлуки за признавање на други држави. Причина за повлекување на заклучокот на комисијата нема. Ние го прифаќаме заклучокот на собранието што беше сега прочитан

**СТОЈАН АНДОВ:**

По повод резолуцијата е предложен заклучок. Заклучокот го прочитав и ако треба паж^ќе го прочитан. (Не треба).

Ако не треба, тогаш да го ставиме на изјаснување.

Кој е за заклучокот, молам да крене рака? (59).

Дали има некој против (1)

Дали има воздржани (6)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **<u>точката 23</u>** - Информација за преземените мерки за заштита на животниот стандард.

Го молам претставникот на Владата да поднесе информација, во согласност со договорот на почетокот на седницава.

Збор има господин Сабриу, Министер за труд и социјална политика.

VII/10.-

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници.

И во оваа прилика сакам да истакнам дека во воал време кога се судираме со доста сложени и тешки проблеми во областа на општествено - економскиот и политички систем во нашава Република, со проблемите на внатрешен и надворешен план, состојбите се заоструваат и се изострени уште повеќе во областа на економската политика кои како економски проблеми директно имаат влијание во отежнувањето односно во животниот стандард на населението на Република Македонија.

Посебно во една ваква ситуација се наоѓаат нашиве семејства во Р. Македонија кои имаат повеќе членови а помал приход по член на семејство од просеците на Република Македонија. Согледувајќи ги и ваквите состојби, судрени со една ваква ситуација, Владата на Република Македонија на време, во март оваа година, пристапи кон изготвување две програми, Програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1992 година, и Програма за решавање на технолошкиот вишок во стопанството на Република Македонија.

За остварување на овие две програми, Владата предложи, а овој парламент усвои да се издвојат вкупно 4 милијарди нови денари или 5,3% од вкупната буџетска потрошувачка.

Морам да истакнам дека вакви средства до сега, во последниве години не се издвојувани по обем, а ова издвојување е само поради тоа што животниот стандард на населението во Републиката и оваа година, а цениме дека и во наредниот период ќе биде доста отежнат и состојбите се доста сложени во областа на стопанството, па од тие причини Владата предложи од буџетот на Републиката да се изготват програми за интервенција поради заштита на најзагрозеното население во Република Македонија.

VII/11.-

Со програмата за заштита на социјално загрозеното население се утврдува социјално - заштитно ниво. Тоа социјално заштитно ниво изнесува 15% од просечната плата исплатена во стопанството во претходните три месеци од годината и секои три месеци ова заштитно ниво се коригира, како растат платите во стопанството така се зголемува износот на ова заштитно ниво во нашава Република.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:(**продолжение)

И тоа најмногу за петочлено семејство, додека за самци тој износ на заштитно ниво изнесува 25% од просечната плата во Македонија. Овој надоместок, морам да ве информирам дека денеска, во јули месец веќе се исплатува и изнесува 33.500 денари, за петочлено семејство додека за едно семејство нема никакви приходи по било кој основ кој се во програмата, во согласност со критериумите и одлуката, меѓутоа нема такви приходи и на тоа семејство се исплаќаат овие средства од програмата за заштита на населението од 33.500 денари или по член на семејство 6.700 денари месечно. Веројатно овој износ ќе биде уште овој месец, наредните месеци како ќе се зголемуваат платите така ќе се зголемува и овој износ Доколку семејството нема никакви приходи тогаш се исплаќа целиот износ односно само се исплаќа разликата од приходите по било кој основ кои се утврдени во критериумите и Одлуката што е објавена во "Службен весник на Република Македонија тој износ тогаш се надополнува со овие средства.

Во Програмата очекуваме и предвидуваме да се обезбедуваат вкупно 45.000 семејства или вкупно околу 200 илјади жители, ако се земе просечно семејство од 4 до 5 члена. Така да оценуваме дека оваа година со овие средства, кои се билансирани во буџетот дека ќе обезбедиме 45 илјади семејства.

Свесни дека само со една ваква програма не ќе може да се задржува и да се одржи животниот стандард на населението кој секој ден се намалува и секој ден имаме реално опаѓаше и на платите и на животниот стандард во Републиката и од тие причини Владата презема и други дополнителни мерки кои значат и одат кон подобрување или задржување на животниот стандард на едно ниво испод кое не би требало да се спушти. Бидејќи немавме и сеуште немаме точни податоци, оние социјални карти што едно време синдикатот и другите органи ги актуализираа, како што има

на Запад компјутерски да бидат внесени сите граѓани и семејства што подлежат на една ваква социјална заштита се судруваме со проблеми во, оваа област но чиниме напори да воведеме и да устроиме една евиденција која во наредните години ќе ни биде потребна за подобро елаборирање. Од тие причини и од причини што требаше ефикасно да делуваат мерките од оваа програма Владата пристапи ова право да се користи преку три институции.

Пензионерите кои имаат право да користат средства тоа да го остваруваат преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на ниво на Републиката односно по подрачните единици.

Невработените и оние што се пријавени како технолошки вишок, регистрирани во СИЗ-от за вработување односно во заводите за вработување тоа право да го остваруваат во тие заводи во подрачните единици.

Работниците земјоделците и сите други граѓани правото да го остваруваат преку центрите за социјална работа во подрачните единици во целата наша Република.

Ова е со цел да не се создава гужва на едно место бидејќи ние сеуште немаме некоја устроена евиденција во Републиката.

Досега, заклучно со 30 јуни ова право во Македонија го користат околу 10 илјади семејства а за јули наша проценка е дека овој број ќе се дуплира до крајот на месецот,бидејќи сега и покрај сите мерки што ги презеде Владата и надлежното Министерство за спроведуван>е на Програмата за оваа програма да биде информирана јавноста морам да кажам дека во одделни градови, во одделни подрачја одделни месни заедници, граѓаните не се до крај информирани и не ги знаат нивните права дека треба да поднесуваат барања до овие институции за да остваруваат едно вакво

право. Јас ја користам и оваа прилика да упатам еден апел до сите граѓани кои имаат таква потреба да се обратат до овие центри, а исто така и една замолница до сите вас пратеници во вашите изборни единици и таму каде што имате контакти, било месни заедници, било претпријатија на работниците и на граѓаните да им се укаже да се јавуваат во овие центри бидејќи треба да се јават со барања за да го оствариме она што го запишавме во Програмата за оваа година.

Ние преземавме мерки и преку печатот и преку телевизијата неколку пати ова да го актуализираме но цениме дека сеуште во некои подрачја, во некои градови интересот и пријавувањето на граѓаните не задоволува, Од тие причини сметаме дека ќе треба да преземаме и дополнителни напори. Мислам дека ќе имаме прилика доста детално да расправаме кога ќе подготвиме писмена информација. Ние да знаевме дека толку ќе се пролонгира одржувањето на седницата ќе подготвевме и писмена информација бидејќи имаме податоци, но тоа останува како обврска за една од наредните седници да излеземе со информација пред Парламент со конкретни податоци, конкретни броеви по одделни општини и по структура на население како се користат и каде се трошат, како и колку се корисници на оваа програма. .

Да кажам неколку збора, таканаречената програма за надминување на проблемите од технолошкиот вишок. Ова право воглавно се остварува на вработените, бидејќи исклучиво тие средства се наменети на претпријатијата. Со Програмата за оваа година предвидени се 1 милијарда нови денари со Предлогот на буџетот, но ние инсистираме и ќе инсистираме и во Владата и во Парламентот како што ќе оди ребалансот процентуално да се задржи ова 5,3% од вкупното учество на буџетската потрошувачка за да навистина реално имаме и едно обезбедување на средства до крајот на годината со завршувањето на буџетската

VIII/4.-

потрошувачка. Така да во сите ребаланси ние ќе инсистираме овој износ да се зголемува и веројатно тој нема да биде 4 милијарди, туку ќе биде далеку поголем до крајот на годината.,

Со Програмата за технолошки вишок предвидуваме да се решат проблемите на 5.650 работници за оваа година и тоа на 2.150 работници со користење на правото 24 плати, право кое веќе е уходано во Република Македонија. Оваа година додадовме уште еден елемент, критериум да се даваат средства и за преквалификација односно доквалификација со оглед дека веќе се наоѓаме во процес на преструктуираше на стопанството и во голем број организации односно претпријатија има потреба од ваква интервенција, помош во парични износи со што ќе се овозможи олеснување околу преквалификацијата или доквалификацијата на работници. Тој број оваа година треба да изнесува 2.700 во Македонија и за повторно вработуваше на работници на кои претпријатијата веќе отишле во стечај за нивно повторно ангажирање, очекуваме бројот да изнесува околу 800 работници или вкупно 5.650. Досега заклучно со 30 јуни тука имаме подобри резултати околу 50% веќе се искористени односно ова право од вработените и од претпријатијата е користено и мислиме дека до крајот на годината ќе немаме никакви проблеми околу ова прашање.

Морам да истакнам дека интересот на претпријатијата тука е доста голем и цениме дека и државата би требало да помогне и во наредниот период во ублажувањето на проблемите околу преструктуирањето на стопанството.

Владата сигурно дека не може само преку овие програми да го заштити социјално загрозеното население. Ние сме сведоци дека се преземаат и други мерки и во надлежност на Владата, а и во надлежност на Парламентот, како и други мерки кои значат подобрување или задржување на едно ниво, веќе критично по наша оценка на социјално загрозеното население. Тука првенствено би спомнал дека е доста висок износот на

компензациите што се даваат особено за елементарните прехранбени артикли, како што е лебот, млекото и друго. Компензација што се дава на организациите се со цел да ги задржиме цените на едно пониско ниво и покрај притисокот што е доста присутен тука и преку подобрување односно интервенции во ученичкиот, студентскиот стандард и други интервенции во областа на пензиско – инвалидското осигурување. Ние сме сведоци дека утврдивме најниска пензија, на 24 иљади денари а тоа значи оние корисници на пензија кои имаат минимум стаж односно кои не ги исполнуваат условите и тука треба да се види таа солидарност.

Да кажам неколку збора за остварувањето на оваа Програма дека посебни тешкотии во последно време ни создава бројот на бегалците кои се сместени во Република Македонија. Ние таква обврска имаме од Парламентот, да излеземе пред Парламентот со една детална информација, но морам да ви кажам дека доста чиниме потези, маневри, средствата од овие програми интервентно даваме и за сместување, исхрана на бегалците, чиј број е некаде над 30.000 во Република Македонија. Дополнително тој ни претставува терет на ова сиромашно стопанство и на овие сиромашни граѓани. Но, со оглед на хуманоста и солидарноста и врз основа на меѓународните конвенции за пружање помош на бегалците од Босна и Херцеговина и Хрватска ние сме должни и приморани да ги прифаќаме сите обврски кои произлегуваат од тие документи.

Исто така како министерство ние цениме дека во ова време ќе мора да се преземат мерки и во областа на платите. За тоа сакам да ве информирам и Парламентот. Веројатно ќе понудиме некое решение на Владата па доколку бидат прифатени ќе дојдат и во Парламентот  со оглед дека е голем притисокот од страна на организациите односно претпријатијата за некои корекции. Веќе имаме најави и од образованието

VIII/6.-

но сите тие работи сега ќе ги простудираме, проанализираме и најверојатно ќе понудиме некое решение на Владата, со кое ќе дојдеме и на Парламентот. Ценам дека Владата на Република Македонија свесна за сите овие мерки може да констатираме дека не можеме да обезбедиме реално животниот стандард да го одржиме на едно доста добро ниво туку тоа има тенденција на понатамошно влошување и опаѓање. Затоа треба да се мобилизираме сите првенство да го оспособиме она стопанство односно оние организации кои можат да издвојат првенствено за себе и за вкупната потрошувачка за да се реализираат програмите што веќе тука се донесени или ќе бидат донесени во наредниот период. Впрочем тука го гледаме проблемот и на даночната политика и на сите други фискални мерки за да обезбедиме средства за остварување или за подобрување на животниот стандард на населението посебно на онаа категорија која има испод просечни приходи по член на семејство, која во голема мерка се судира со таквите проблеми. Но, свесни сме исто така дека во вакви времиња секој ден се зголемуваат и бележат пораст додека можностите на жалост секој ден се помали и помали. Од тие причини ние се судираме со вакви проблеми. Впрочем и сите ние што сме тука присутни и сите наши граѓани во Републиката но во рамките на овие можности ќе се заложиме во наредниот период да одржиме мир во областа на социјалната сфера во Републиката.

Благодарам, незнам колку бев успешен накратко да елаборирам некои работи посебно за овие програми но бидејќи ќе имаме можност да расправаме на една од наредните седници по писмена информација, ќе имаме повеќе и бројки и податоци и мислам дека ќе можеме поквалитетно да расправаме за сите проблеми што се присутни во Република Македонија.

VIII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја чувме информацијата. Тоа беше само бараше за информација, а не беше барање за расправа, па да одиме понатаму.

Минуваме на **точката 25** - Информација во врска со снабдувањето со нафтени деривати во Републиката.

Го молам претставникот на Владата да поднесе информација.

Има збор господинот Трајан Стојановски, министер за стопанство.

**ТРАЈАН СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, редиците кои се создаваат за нафта и нафтени деривати пред бензинските пумпи укажуваат дека проблемите со нафтата и нафтените деривати се толку тешки да во овој момент сите заеднички треба да се заложиме тие проблеми да ги надминеме.

Во периодот од нова година до денес обезбедени се 50% од потребите што беа планирани со енергетскиот биланс на Републиката за ова полугодие. Со интервенциите што се правеа од републичките стокови резерви се обезбедија уште околу 2о до 25% од потребите така да овој период и може да го оцениме како период во кој нашата Република беше релативно добро снабдена со нафта и нафтени деривати. Во овој период практично немаме некои поголеми застои ни во стопанството ни во сообраќајот заради неможност со снабдување на нафтени деривати.

Нашите проблеми настанаа после нашето осамостојување кога требаше сами да обезбедиме девизни средства. Се прекина обезбедувањето на девизни средства од Народната банка на Југославија и овој период кога почнаа во Републиката расправиите дали приоритетна е нафтата или другите потреби од девизи во Републиката се направи еден

VIII/8.-

период од десет дена да имаме застој во отворањето на акредитивот и заради тоа дојдовме до период кога ќе мораме малку со редуцирана потрошувачка дека го врземе периодот до доаѓањето на новата нафта во Рафинеријата и отпочнувањето на рафинеријата со работа.

По оценка на Министерството за стопанство сметаме дека бензините без ограничување на потрошувачката односно со оваа дневна потрошувачка која денес, досега ја имавме од 400 тони дневно испорака на пензиските пумпи можеме да ги дочекаме новите количини од Рафинери- ја односно имаме залихи уште за 22 дена со редуцирана потрошувачка некаде до 1 месец. Проблемите настанаа кај дериватите Д-1/ нафтата каде имаме многу помали залихи сме во екот на жетвата. Мислиме дека предност по сите потреби за снабдување треба да има жетвата и заради тоа имаме накаде ограничување во испораката.

Моментално најкритична е ситуацијата со мазутот, каде залихите се сведен на два до три дена и најверојатно ќе мора да се интервенира со одреден увоз на мазут за да не дојде до тотален за- стој во стопанството.

Последната информација, денешна е дека бродот е утоварен и се смета дека во текот на вечерните часови треба да исплови одлуката и за два-три дена да дојде во солунското пристаниште. Значи сите потреби за отворање на акредитивот се завршени и бродот треба да стаса за два - три дена. Од тој брод треба да почне да се влече нафта некаде во понеделник, меѓутоа се прават напори со складиштарот во Солун и Рафинеријата во Скопје да почнат да извлекуваат од мртвите залихи во складиштето односно да се изврши еден вид позајмица, така да се направи еден термин - план како би почнала Рафинеријата во понеделник да работи. Во тој случај мислам дека ќе се надминат сите проблеми кои сега стојат. Ние како Влада мислам дека треба да направиме и некои други определби, за некоја

VIII/9.-

поограничена потрошувачка бидејќи навистина не знаеме од каде доаѓа до такви редови, затоа што дневните испораки на пензиските пумпи се исти и во периодот кога немавме редици и сега. Така да ние дневно испорачуваме 400 до 450 тона бензин а редиците и понатаму остануваат. Врзано за ова треба да се направат и сите одлуки и законски и усмени за да можеме да обезбедиме континуирана набавка на нафта односно да ги промениме законите за обезбедување на девизни средства за набавка на сурова нафта.

IX/1 јј/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа ја чувме информацијата во врска со снабдувањето со нафтените деривати во Републиката.

Минуваме на **пратенички прашања**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија во времето меѓу 34-тата и 42-та седница на Собранието достави одговор на пратеничките прашања на пратениците Исмет Рамадани Фаик Абди, Никола Крстевски, Сејфедин Харуни, Иван Иванов, Мерсим Положани, Шабан Превала, Алил Џаферовски, Владимир Митевски,Неим Мустафа, Олсжал Сулемани, Стојан Ковачевски, Петар Георгиев, Јордан Зафиров, Артлан Селмани, Газменд Ајдарага, Ферид Садику, Ванчо Младенов Љубомир Поповски и Хисни Шаќири, Неим Селмани, Зоран Китевски, Сите Давчев, Наќе Стојановски, Неџати Џафери, Томислав Стојановски, Тодор Петров, Џелил Таири, Петар Гошев, Љупчо Јакимовски, Веби Џемаили, Хамид Алиу, Душан Николовски, Никола Стојановски, Зибери, Цветан Јовчевски, Горги Котевски, Наум Симјановски,  Станковски, Стојан Ковачевски, Славјанка Стојанова, Симеон Наумовски и Богдан Неделковски.

Исто така е добиен одговор од Министерството за градежништво, урбанизам и сообраќај и екологија на пратеничкото прашање на Богдан Неделковски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања? (не)

Еве пак ви повторувам дали има дополнителни прашања со веќе поставените прашања и добиените одговори

**ФАИК АБДИ:**

Јас би го поставил прашањето до Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, што е со проблемот на реинтеграцијата на Ромите од Република Македонија како дополнително би

сакал да имам податок - колку се германски марки се примени во Република Македонија од Северна Рајна - Вествалија, од тоа колку се потрошени за градење на тие куќички, колку пари им дадоа на луѓето и дали нешто некои средства останале на друго место, и колку учествува Република Македонија, не во процент, во пари и што е направено со тие средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, министерот за урбанизам не е тука да подготви одговор на поставеното прашање.

Има збор господинот Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Бидејќи министерот за урбанизам не е тука, таа фамозна трета лејна на Велешко Брдо која доби физибилити студија, се е завршено само не може да се добие градежна дозвола. Штета што министерот не е тука да ги каже навистина причините зошто не се гради таа лента. Вака се направи физибилити студија, се се направи, градежна дозвола не може да се добие. Што е причината. Изгледа има некои други причини а не оние што се наведени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Наќе Стојановски, дополнително прашање.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имав прашање во врска со укинувањето на патничкиот воз на линијата Бакарно Гумно-с.Сопотница и со одговорот не сум задоволен, па затоа го поставувам следното дополнително прашање - Уважувајќи ги причините што се изнесени во одговорот до крај не можам да бидам задоволен од причини што Министерството за урбанизам и градежништво, а со тоа и преку Владата сугерира дека прашањето за решавањето на сообраќајот на овој патен правец во врска со овие села од четирите општини кои што гравитираат од Прилеп дека ќе се решава со патнички

сообраќај преку патниот сообраќај Демир Хисар-Бучин. Со оглед на тоа дека се работи за патен правец кој што по своите технички карактеристики не ги задоволува потребите организирање на редовен автобуски сообраќај дополнително - што ќе преземе надлежното министерството во врска со адаптацијата и реконструкцијата на тој патен правец, со оглед на тоа дека се работи за патен правец од регионално значење и се наоѓа во надлежност за одржување во Републиката?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дополнителното прашање на пратеникот Наќе Стојановски ќе биде доставено до Владата

Минуваме на поставување на пратенички прашања

Има збор госпоѓа Лазаревска

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Врз основа на барање на мислење, испратено на 25.05.1992 година поднесено од УВР Куманово до Министерството за финансии на 1.06.1992 година е испратено толкување за примена на тарифата 11 од Законот за административни такси. После ова УВР Куманово на 3.о6.1992 година ја известува Станицата за технички преглед на возила како да се применува Законот за административни такси според мислењето на финансии. По ова известување Станицата за технички преглед испраќа жалба до Министерството за финансии во која приговара дека Станицата има право да наплаќа иста такса и ако не е државен орган, а за својата услуга наплатува износ кој не е мал. На 16.06 оваа година Министерството испраќа дополнување на мислењето во кое дијаметрално го минува мислењето според што граѓанинот треба три пати да плати иста такса. Затоа прашувам, - дали Станицата за технички преглед на возила што работи во рамките на Здружение на возачите, како граѓанско правно лице може да врши улога на државен орган и да наплака административни такси или тоа е исклучиво право на УВР Куманово како државен орган?

Ве молам дали сега ќе се одговори или писмено ќе се одговори?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Писмено ќе одговориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, учебната 1991/92 година заврши. Наставниците, како што знаете, како умееја и знаеја некако ја предаваа материјата според старите наставни планови, програми и учебници. Освен тоа наставниците и до ден денес не знаат ништо за евентуално новите програми, планови и учебници за повеќе предмети. На пример што претставува сега национална историја, географија, економија на Југославија, туризам на Југославија, литература на народите и народностите на Југославија итн.

Во учебникот по географија за осмо одделение со големи букви е напишано: "Југославија е социјалистичка држава која што изградува социјалистичко самоуправно општество. Работничкото самоуправување е основа на нашиот систем. Југославија одржува пријателски односи, со речиси, сите држави во светот. Југославија го помага стопанството на индустриските земји на неразвиениот свет."Сето ова, сега дури изгледа и трагикомично. Учебниците се очајни. Исполнети се со безброј догматски содржини, така што наставниците се принудени да ја диктираат материјата што од своја страна педагошките правила и норми не го допуштаат. Учебникот по марксизам за средно образование содржи и ова "комунизмот како што гледаме не е никаков утопистички сон на некоја подалечна иднина, туку едно современо ослободително движење што е насочено кон

практично критично совладуваше на околностите. Во учебникот по општествено уредување е напишано "противречностите на капиталистичкиот начин на производство, диктатурата на пролетеријатот и социјалистичката преобразба како светски процес". Свесен сум дека интелектуално и персептивно провокотавни учебници кои што ќе развиваат самостојно и креативно мислење кај учениците не може да се направат преку ноќ, особено ако ги пишуваат истите кои што до вчера го величеле самоуправувањето, Татовиот фонд, неврзувањето итн. Сите овие и неформални работи Педагошкиот совет, Просветно дело и заводите за школство треба сериозно да ги зафатат и да ги разрешат наставните проблеми зошто новата учебна 1992/93 година не е далеку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за образование не е тука, писмено ќе се достави прашањето.

Збор бара господинот Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Моето прашање повеќе пати е поставувано и овој пат пак ќе настојувам пак да го поставам - до кога ќе се дистрибуираат во Македонија неограничени количини српски печат и дали ресорното министерство презема нешто за реципроцитет со дотичната земја?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за информации е отсутен, прашањето ќе биде доставено писмено до министерството.

Има збор господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас имам три пратенички прашања. Ќе ги дадам во целост сите три прашања, бидејќи никој од прашањата кои ги поставував незнам каде одат, во некое ќоше таму.

IX/6

Видете кога го поставив прашањето, еден пат за Смилево, се сеќавате вие? За жал сега таа, нашата Влада раштркана, меѓутоа ништо не е преземено. Отиде таму Лепавцев, тој не е тука, не треба да зборувам во негово отсуство, нема да го споменувам, нека ми прости ако гледа телевизија, или ако е незнам каде. Прашањето е - зашто најистуреното место и нај нај нај, најисториското место во Македонија, за опстанок на се што е тука без разлика на вера и нација, прво, е запоставено?

И второ, помина една година ипол ништо не е преземено да се изгради еден пат, барем од три метра да комуницира со центарот Демир Хисар. Наќе не е тука

Ова ме загрижува не од економски карактер, туку од политички и историски карактер. Значи, едноумието според мене, според моите сфаќања и според моето точно убедување, Смилево го има запоставено. Песни пеевме, а местото го оставивме. Малку сите да размислиме дали таму не треба да се преземе се што треба и да за живее нешто. Таму се коеките на многу наши илинденци, и народ и деца кои гинеа во тие шуми. Просто, ако одите таму не сакам сентиментално да ви зборувам, но ќе видите, ќе ја видите историјата на нашата нација Барам Владата во оставка и наредната Влада тоа да го има предвид Ако може да направи нешто, ако не може нека каже, креваме рака.

Второ најжешко прашање кое никој од нас не го постави, не рехабилитација на нашите политички затвореници, по некој начин ние се рехабилитиравме самите - да се рехабилитираат жртвите! Рехабилитација на жртвите. Не е за смеење туку е за плачење. За плачење е. Ниту закон за рехабилитација ниту вистинска, формална рехабилитација на жртвите. Тоа, апелирам кон пратениците на Собранието, без разлика на вера, нација, партија, да се содемат малку и во своите изборни места да го покренат тоа

прашање и што може нека помогнат за тие жртви. Но, ми се чини дека Собранието е компетентно да донесе закон за рехабилитација на жртвите со кои ќе им се одаде посмртно признание на жртвите.

И третото прашање - што е од чиста политичка природа е прашањето кое повеќе ќе се однесува на локалната управа на градовите и селата, не зборувам сега за икони за слики, тоа сум го рекол стопати, а и многу од вас го рековте, како е така и се мисли веќе на нив туку прашањето е до кога, многу од нашите градови, улици, културни установи итн. ќе носат имиња на ^ЈЉЬИНЦИ според мене? Вие многу добро знаете и во местата каде што се тие родени, во нивните држави и таму веќе ги шкртнаа ги избришаа. Никој од вас * пратениците, не покрена такво прашање. Греота е, и срамота е за нас, за сите нас, некои места, некои улици, Кардељ на пример е исфрлен во Љубљана, како и многу други ги иофрлија во Словенија, а ние изричито, сите ние што сме овде, не СЈШО вие извинете (беше покажано со рака кон десната страна во салата) не само левите, туку сите партии овде и ВМРО и Социјалистичката партија и пратениците нека ми простат, независни и партијата на демократскиот сојуз и Владата дека не презеле ништо и настојчиво, па греота е и срамота. Случајно еден новинар странец ме праша - како се вика оваа улица? - ЈНА - Ј - Н - А, - мајката, вика: "па вие викате се дерете таму дека не постои таква работа". Како се вика ова? - "Борис Кидриќ" - мајката, како се вика оваа школа - "Прешерн" и незнам како. А, бре луѓе, а бре, да се опаметиме (се смешка) еднаш да се опаметиме и да бидеме сериозни во нашите заклетви. Ајде, најдете вие имиња на вашите села, на вашите гратчиња како што се носеа, како што

беа од турско и поодамна, дајте им ги тие имиња и господ ќе не благослови. Дури вака се мешаме во такви ситници ние не сме благословени. Тоа се однесува и за партијата на ПДП-НДП. И вие имате .борци, имавте херои имате имиња стари итн. Исто и Партијата на господинот Фаик тоа што е тоа е. Не можеме ние сега да се држиме за имиња од некоја историја, незнам која. Со тоа се понижуваме самите себеси. И после ни се смеат. Тие три пратенички прашања ги поставувам во Собранието и што може Владата оваа нашата да преземе и што може да преземе Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За Собранието само да ви кажа дека не е надлежно за имиња на улици, ама има собранија што се надлежни, на пример Градското собрание и да не ги именувам и др.

Има збор господинот Китев.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници имам едно пратеничко прашање до министерот за труд и социјална политика, молам да ми се одговори - колку изнесуваат личните доходи на претседателите на собранијата на општини во Републиката и на другите функционери што ги именуваат или избираат собранијата на општините? Прашањето го поставувам поради сознанијата дека во одделни општини тие имаат лични доходи повисоки од соодветните републички функционери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Борко Ѓоргевски.

**БОРКО ЃОРЃЕВСКИ:**

Господа, ние повеќе се задржавме на политиката, али заборавивме на она што треба да јадеме. Јас нешто имам до Владата односно до ресорното - Министерството за земјоделие. Знаеме дека во најголем ек е

IX/9

собирањето на летнината, односно на житото. Дали некој повел сметка и дали водиме сметка дека цената на пченицата е 120 денари, а ако се собере сето вкупно, цената на издатоците со земјоделецот ги дава, ако ЈЛ добивката од декар, тоа некаде доаѓа во чиста загуба земјоделецот да биде со две до три илјади денари, Сите издатоци, мислам до жнеењето и да се замислиме, ако не поведеме сметка во најголемиот ек на собирањето на тоа жито дека догодина земјоделецот нема да посее ниту декар пченица. Зошто? Оти, ако свесно сее,оди во загуба.

**БОРКО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Затоа, дали некој може да каже и да одговори што станува со земјоделецот и дали ќе му се пружи можност до година да сее односно ако не друго барем да не биде во чиста загуба. Зошто сега со сето ова ако се собере жнеење, ораше кога еден декар на орање сега е до 3000 динари, а пченицата најмалку треба барем два пати, за некои култура 3 до 4 пати орањето, колку земјоделецот е во загуба. Затоа, треба малку да се позамислиме, зашто ниеден, јас не верувам дека пченицата ќе ја даде во силосите ,а некои дури има што се заканувaат дека ќе ја остават на нива. Зошто? поскапо ги кошта ако ги ожнеат туку да остават на нива да ја изеде стоката. Затоа ова е како прашање и да се земе предвид во најскоро време да се преземат мерки и да се даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите со господинот Горгиевски после да се договорат како прецизно гласи прашањето што го постави.

**СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имам замерка што вие не водите деловнички, седница овде. Точка на дневен ред е поставување на пратенички прашања, а му дозволивте на двајца пратеници еве по втор пат овде, прво, со Митко Анастасовски да се елаборира овде свои вештини и сега со другиов пратеник исто така кој не поставува пратенички прашања, туку си прават егзибиција на своите ментални способности. Според тоа, само да одговорам со оглед на тоа дека господинот Митко Анастасовски по втор пат овде елаборира некои ситуации за село Смилево и патниот правец, јас можам да ве информирам, а тој доби

пратенички одговор писмено, доколку е заинтересиран и за другите изборни единици, освен за својата изборна единица и ако сака да помогне таму на населението да приложи еден прилог од свој личен доход од платата на жиро сметка на Фондот за културно комунални дејности, ако се нарушува принципот, тогаш да го нарушиме до крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас навистина, кога некој ќе се јави мислам дека има намера да постави прашање, а сите вие држите говори. Молам, овозможите да работиме.

**ФАИК АБДИ:**

Едно прашање сакам да поставам до Собранието на Република Македонија, до Претседателството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

До кого?

**ФАИК АБДИ:**

До Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, оваа точка не е за тоа.

**ФАИК АБДИ:**

Пратеничко прашање е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратенички прашања се до Владата на Република Македонија, министрите и другите функционери кои што раководат со органите.

**ФАИК АБДИ:**

Го повлекувам зборот, како да не сум го рекол, молам, дали може така? Јас едно време бев поставил едно прашање кое се однесуваше на барањето на мерки и активности за надминување на  проблемите со

супстандардните живеалишта во Република Македонија. Ние во последно време, да кажам во Штип имаме кожари, во Куманово имавме некни поплава и луѓето немаат каде да живеат итн. дали може, барам од Владата да даде една информација како да се надминаа сукцесивно овие проблеми од супстандардното живеење. Бидејќи според материјата што ја добив, најповеќе има во супстандардни живеалишта албанци, роми, македонци, турци итн. Тоа е една работа.

Втора работа, незнам кој е надлежен во центрите за социјални работи на Република Македонија општинскиот и градскиот центар за социјални работи да спроведе некоја активност што би се рекла, за промена на луѓето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една интервенција, ве молам натаму кој ќе дојде за говорницата да го каже прашањето и ако има потреба после да го образложи.

А не прво образложување, па да не знаеме дали ќе има прашање. Прво, поставете го прашањето,јас незнам зошто сте дошле.

**ФАИК АБДИ:**

Молам, кој е надлежен да направи излезна промена во раководниот кадар во центрите за социјалните работи во општините односно поготово во Центарот за социјална работа во град Скопје. Заради тоа што има луѓе, поготово во градскиот центар директорката ие се однесува хумано како што би требало да се однесува од аспект на својата должност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Апостолски.

X/4

**АПОСТОЛСКИ:**

Бидејќи во последно време доста се дискутира околу здравството и набавка на лекарствата јас не би сакал многу да ширам, само едноставно поставувам прашање, а во прилог на поставените прашања ќе доставам некое во документација кое што не би сакал да елаборира тука се некои медицински изрази, не би можел и правилно да ги кажам, само нека служи како прилог по прашањата.

Имано, за работата на приватното претпријатие Зегин во однос на лекарствата кога се врши набавка и односот на Фондот за здравствено осигурување.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Зошто со ништо Владата не ги извести граѓаните дека има намера да усвои одлука која ќе има ретроактивно дејство, почнувајќиод 26.04.1992 година кога се знае дека со таа одлука ќе опфати голем број граѓани кои денес со право се револтирани, - со купопродажни договори, со колите од кои се вршени од другите републики. Со едно извесно време, а тоа се знае, по воведувањето на антиинфлационата програма од 26.04.1992 година, беше прекинат тој процес со образложение дека чека додатни упатства од Владата како да постапат понатаму. А пред 20-тина дена Владата излезе со одлука сите договори склучени после 26.04.1992 година се должни при регистрација да плаќаат данок на промет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е прашањето, дали претставниците од Владата сега ќе одговорат или писмено ќе одговорат.

Во врска со нејасно поставеното прашање го имаме следниот одговор. Прашањето е нејасно поставено, па затоа го потенцирам тоа. Ако се работи за плаќање на давачките по основ на царина е една ситуација, а ако се работи по основ на давачките по данокот на промет е друго прашање. Трето прашање, трет аспект е дали воопшто тие договори подлежат на некакво ново верифицирање или не. По мерките што се презедоа на 26 април се јави потреба за толкување на односот на царината по однос на третманот на увозот на возила. Од граѓани на Република Македонија кои што се преселуваат во Република Македонија, на граѓани од Република Македонија кои купуваат возила од другите републики и на граѓани кои се во групациите на бегалци кои доаѓаат со возилата тука. Министерството за финансии издаде толкување на соодветната одредба до царинските служби според кои сите дејствија што се направени и регистрирани во договорот пред 26.04. подлежат на прописите што важеа до 26 април. Сите договори и увоз на возила со акти кои се направени после 26 април, се применуваат прописите што во Република Македонија важат после таа дата и се поименично назначени на кои возила се однесува тоа толкување, бидејќи со посебна одлука на Владата е кажано, уредено што се смета за предмет, средство, стока и друго кои не подлежат на царина во рамки на реципроцитетот воспоставен со спогодбите за плаќање за стопанска соработка со другите републики, особено со оние со кои веќе се потпишани

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Зуди Емини има дополнително прашање

X/6

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Сега тоа дали такви квалификации граѓаните се запознати со тие работи јас незнам, меѓутоа со ништо не беа известени дека од тој датум до извесно време, а тоа траеше околу 2 месеци, тие и понатаму си го продолжија животот како што беа научени. Значи, само во скопскиот пазар имаат склучени преку незнам колку и јас договори со коли. Истите граѓани сега при регистрација кога одат да менуваат нормално таблици, сопственици на колите имаат проблеми вакви од оваа природа. Дека при регистрацијата им се третира како коли увезени од странски држави. А со ништо не беа известени истите граѓани нормално да не склучуваат договори или да не купуваат коли од другите републики. Во тоа е проблемот. А таа одлука има дејство, почнувајќи од 26. април.

Сега дали е кривицата кај нив или кај Владата, или до одредено време нека се ослободат, почнувајќи со донесената одлука кога е тоа точен датум/ 4ас навистина незнам. Меѓутоа, во право се кога се жалат и се револтирани со оваа одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имате нешто да додадете господине Тошевски?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ве молам да не ги поистоветуваме постапката на царината со недозволеното работење. Царините во Македонија во сите три пункта и во Битола, и во Гевгелија и во Скопје имаат соодветни инструкции. Слободниот пазар, на пазарот на возила кога се увезуваат, кога се влегува со возила како да е тоа обичен влез и излез без да се декларира дека тоа возило се извезува овде, може да произведува вакви проблеми какви што пратеникот изнесува. Инаку, секое возило кое што се увезува, после внесува, увезува од друга Република и од странство има ист третман после

26. април и според тоа се применуваат прописите кои што се однесуваат на увоз на возила, независно од каде тие влегуваат во Републиката. Според тоа, прописите се јавни и објавени, тој што има потреба да ги знае треба да ги проучи или да се консултира со тие што ги знаат, а за тие што не ги знаат, не ги ослободува од обврската, бидејќи и царината и другите служби се должни да ги применуваат.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Прашањето гласи: каде е даден фондот за развој на земјоделството и шумарството и дали е набавена жива стока за развој на сточарството.

Второ прашање, или како препорака или Министерството за земјоделство ќе обезбеди доволно нафта за довршување на жетвата. Тоа треба под итно да се стори, а се гледа дека и времето е малку шкартливо и затоа не §и требало да дојде до прекин на жетвата заради немање на нафта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да дадат одговори Министерството за земјоделство и Министерството за стопанство.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Јас не би го појаснувал прашањето, но мислам министерот за финансии е во тек, случајно сум во тек со еден проблем, а го гледам проблемот на одредени луѓе и граѓани. Со воведувањето на нашата монета, практично ние дојдовме во делот на прометот, барем институциите, конкретно Фондот за здравство, Народната банка и Министерството за финансии во една ситуација што практично ги доведовме луѓето кои се лечат во странство, во конкретниот случај во Србија, да не можат да си ги измират направените трошоци.

X/8

Го поставувам прашањето, кој е проблемот граѓаните да не се впуштаат во делот на курсните разлики кој ќе ги покрива, од- говор не ни треба, кој е проблемот овие три министри да го совладаат овој случај во однос на правилното или издржаното ковертирање или однос на динарот односно денарот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега ќе одговорите или со Министерот за здравство ќе се консултирате

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Сега ќе одговорам, за да не ги одлагаме работите, тие што можеме да ги завршиме. До месец дена од 26 април се применуваше курсот 1:1 на денарот со динарот. После тоа Народната банка почна да утврдува на база на вкрстени курсеви, курс на денарот према динарот на начин и методологија како е утврдено. Според тоа, во сите трансакции што се вршат со правни и физички субјекти, основно правило е да се применува званичниот курс утврден од Народната банка на Македонија. Економските и други интереси што низ комерцијалните зделки се склучуваат и се утврдуваат односите е сосема друга работа. Затоа, сите трансакции во Македонија во однос на остварување на права и плаќање на обврски се пресметуваат и ќе се признаваат само до висината на званичниот курс. Оној момент кога ќе може со Република Србија односно со други републики во составот на Југославија или поранешна Југославија да се утврди и посебен, меѓусебен званичен курс, идентичен тогаш ќе можат да се надминат овие прашања што ги поставува пратеникот Николовски. Во сите други случаи такви тешкотии се возможни и ќе бидат присутни

X/10

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа, пратеници, од страна на органот за внатрешни работи во Куманово поведена е прекршочна постапка против Ариф Сефери на ден 19.06.1992 година, кој почина во истражниот затвор во Скопје. Бил приведен во суд да се казни по итна постапка за тоа што поседувал оружје, пиштол без дозвола. Меѓутоа, Судот му изрекол казна затвор од 30 дена и веднаш со правосилност на решението бил упатен на издржување на казната во Скопје.

Барам писмен одговор од Владата, дали за наведениот прекршок се почитувал законот како и за други граѓани и зошто предметот го земал на разгледување судијата Десанка Гаковска кога знаеме дека дежурен за приведените по итна постапка во тој ден беше друг судија.

**ХАМИД АЛИУ:**

Сакам писмен одговор од Владата на следното прашаше, кои беа мотивите, причините на Владата да донесе одлука за градење на манастир на Попова Шапка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во општина Крушево се наоѓа селото Житоше со над 2000 жители. Овие жители имаат доста проблеми во сферата на инфраструктурата. Најголем проблем за нив претставува снабдувањето со лекови. Напоменувам дека во селото постои аптека, меѓутоа последните две години не работи. Прашувам, зошто не работи оваа аптека кога се знае дека во селото има соодветен таков кадар. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг сака да постави пратеничко прашање?

X/11

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас го поставувам прашањето, пензионери кои се пензионирани во странство, кои работеле порано, инвалиди и редовни пензионери примаат пензија во странска валута. Меѓутоа, банките им исплатуваат во денари Дали е тоа по закон, дали е законито и дали така може да се продолжи и дали така треба и кога на пензионерите ќе им се исплатува во девизи, како што доаѓаат девизните средства.

XI/1.- РД/ВБ

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (Продолжение)

Бидејќи може да се случува да се намалува тој прилив на средства, покрај тоа што може да се случи пензионерите можат да се случи да ги примат во готово и во други банки и во странски фирми. Мислам ова јавно треба да им се каже и да им се одговори на пензионерите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине министре писмено ќе дадете одговор.

Дали има уште некое прашање? (не)

Тогаш да ја прекинеме седница ќе продолжиме во 15 часот, а во меѓувреме Комисијата за финансирање и буџет нека го погледне амандманот и Владата да даде мислење за овој амандман на господинот Ристо Јованов да можеме да продолжиме по законот што го одложивме

(Пауза до 16 часот)

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Како што рековме пратеникот Ристо Јованов поднесе амандман на член 2, по кој не се произнеле предлагачите на законот. Меѓутоа во меѓувреме Комисијата за финансирање и буџет одржа седница на која го разгледа амандманот на пратеникот Ристо Јованов и истиот не го поддржа. Исто така овој амандман не го поддржа претставникот на Владата на Република Македонија на седницата на Комисијата за финансирање и буџет. Според тоа постапката е изведена и отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Ристо Јованов.

XI/2.-

Ги молам предлагачите на законот да се произнесат.

Предлагачи се господинот Стоиле Стојков и господинот Тодор Петров.

Дали има нешто да кажат за амандманот? (нема)

Молам кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господата предлагачи на овој закон Стоиле Стојков и Тодор Петров велат дека овој закон е во спротивност со Уставот на Македонија, па за тоа сакат да се укине. Јас би апелирал до целото Собрание да размисли најпрвин добро за тоа какви закони гласало и сите^ние овде треба да размислиме кога гласаме. Дали тоа што го гласаме е во согласност со Уставот или не е во согласност со Уставот. Понатаму, апелирам и до чувството за државност кај нас овде пратениците, заради тоа што со примената на овој закон, колку што сум информиран, за еден месец околу .700, илјади марки добива македонската држава. Би навел и неколку примери: на пример на сегашна Турција и пред некое време стара - Југославија, Бугарија, Данска имаше исто така таков закон пред десетина години. Сакам да кажам дека секоја држава си наоѓа начин да најде една поддршка во тие кризни моменти и поткрепа за своето стопанство. Затоа, по мое длабоко уверување, ако бараме , јас би се согласил со предлогот на господата Петров и Стоиле Стојков, ако бараа реципроцитет, тие како што велат во односите со сите соседни земји и бараат воведување и према четвртиот сосед накнадно 30 марки. Но по мене на овој начин се запира еден извор за прилив на девизи во буџетот и од тие причини сум против да се изгласа овој закон.

XI/3.-

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, "почитувани пратеници, не сакав да се јавувам за збор по овој закон, меѓутоа начинот како се водеше расправата, посебно денеска, кога некако на брзина и на мала врата се инсистираше по секоја цена овој закон да помине, ми се јавија некои сомневања дали сите работи тука се во ред.

Прво, сакам да кажам свое мислење, а тоа е следното: ниту амандманот го поддржувам, ниту законот. Останувам на оној закон што беше предложен од Владата да остане оваа давачка од 30 марки. Би дал и некои свои видувања на целата оваа работа. Своевремено еден претседател на една многу јака држава во својата предизборна кампања кога го прашале што мисли тој да и донесе на оваа држава одговорил со прашањето, што вие како народ мислите да и дадете на оваа држава. Јас се прашувам дали ние како пратеници имаме образ ова исто прашање да му го поставиме на народот. Мислам дека немаме, бидејќи ни се јави друго прашање, а тоа е што ние и дадовме на оваа држава. Имено, како пратеници, односно практично први луѓе во оваа држава, мислам дека сме во состојба, барем досегашната дискусија покажа, не само по овој закон, туку и по многу други, дека сме во состојба за пет гласа да ја продадеме државата. Тука се работи само за политички маркетинг и ништо повеќе. Ако некој размислува поинаку ќе ги уверам. Прво, дека законот е неуставен, апсолутно не се согласувам, бидејќи ги скратувал граѓанските права и слободи. Ве молам, никому не му се ускратуваат граѓанските права и слободи, бидејќи ако одиме по таа логика, тогаш затоа што мора да се плаќа билет за кино ускратено е граѓанското право да се оди на кино. Затоа што мора да се плати билет за автобус, ускратено е граѓанското право да се патува. Меѓутоа, не е таква работата. Никому не му е скратено граѓанското право да оди во странство, напротив ако сака нека повели нека си плати,

па нека отиде во странство. Тоа никому не му пречи. Според тоа, за се се плаќа. Можеби можело да се разговара за еден друг момент. На граѓаните им го ускративме граѓанското права да се лечат. Со воведување на партиципација, тие сега немаат услови да се лечат, а не да зборуваме дека на овој начин им е ускратено граѓанското право. И ако прокламираме таква идеологија дека треба заради некои граѓански права да се откажеме да не се плаќа за одење во странство, ниту за одење во кино ниту за незнам каде, тоа е една идеологија која што беше во едно блиско време, кое што го нарекувавме дека ќе биде комунизам во кој што сите ќе требаше да имаме еднакви права да одиме каде што сакаме и што сакаме да правиме. Мислам дека тука логиката дека се ускратени граѓанските права, апсолутно не држи и апсолутно не е во ред некои квази - правници да го толкуваат Уставот онака како што ним им одговара. Тоа е во делот на она што го разговаравме. Инаку, околу тезата дека еве со ова би им ги скратиле на негеои наши бизнисмени да прават зделки, апсолутно не држи, јас прашувам кои се тие бизнисмени кои што немаат 30 марки, за да напра- ват бизнис, каков бизнис ќе прават ако немаат 30 марки. Друго е прашањето што туах можеби некој од нас под бизнисмени ги подразбира шпекулантите кои што практично можеби за нив ќе биде многу 30 марки, бидејќи се знае нивниот однос кој е, се оди во странство да се купат две маички или нешто друго или гаќи и да се продаваат на Бит-пазар, па така да се заработува. Тие можеби ќе бидат ускратени, тоа можеби за нив ќе биде нешто повеќе. Меѓутоа, да се каже дека со 30 марки бизнисмените наши ќе бидат ускратени да прават зделки, апсолутно е нонсенс. Според тоа апелирам до сите пратеници, ако навистина оваа држава ни значи нешто практично овој закон да не помине во ова Собрание и би сакал само еден момент, беше кажано и од претходниот дискутант се собрани околу 700 иљади марки за

период од месец дена по логиката за година дена би собрале можеби некаде околу 5-6 милиони марки. Само да ве потсетам тоа е сума од еден танкер нафта, која во овој момент многу ни треба и замислете што би ни значело ако  ја имавме оваа обврска од нова година, сега веќе ќе ги немавме гужвите ни на пензиските пумпи нити фабрики ќе затваравме, туку ќе имавме да се одвиваат нормално, а никој нема да беше погоден. Никој од оние што сакаа навистина оваа држава да опстојува. Затоа апелирам до сите пратеници овој закон да не помине, од една единствена причина ако сакаме држава, ние мораме да се грижиме за неа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да го запознаам Собранието дека на 25 јуни оваа година, јас го претставував Собранието за иницијативата која беше поведена пред Уставниот суд на Македонија за оценување на уставноста на овој закон по предлог на Лига за демократија, како политичка партија. Се настојуваше овој за да да се докаже дека овој закон е неуставен, меѓутоа, јас ќе имам два дела. Едниот дали ќе треба ние да одлучиме да се расправа дали е уставен или неуставен и другиот политички дел, дали овој закон ќе има потреба и ќе има популарност кај граѓаните за плаќање на оваа такса при секое излегување до Република Македонија, не земајќи ги излегувањата во другите поранешни републики на поранешна СФРЈ.

Главниот проблем беше околу тоа дали се повредени уставните одредби од член 27 од Уставот на Република Македонија каде секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Република Македонија и слободно да го избира местото на живеење.

Сега вториот став, тоа е проблемот за ова дали е уставно или не, секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се враќа во Републиката. Ова е дел каде некој гледа дали има уставност или не. Господо, ќе кажам едно. Надлежен по Уставот кој треба да одлучува за оваа работа е Уставниот суд и ние надлежноста во ова Собрание не можеме да му ја земеме на судот. Ако се одлучиме да имаме поделба на законодавната, извршната и судската власт, тогаш зошто овдека да расправаме дали овој закон е уставен или не е. Сигурно дека не треба да расправаме за таа работа, а што господинот Поповски за ова кажа овде беше мојата теза - во одбрана дека е овој закон уставен и побарав од господинот Тортевски кој ја застапуваше Лига за демократија да ми објасни дали нема да не повика повторно пред Уставниот суд, ако се воведат македонски пасоши со кои ќе треба да се врши еден режим на патување, т.е. за излегување, меѓутоа, без пасош може ние да регулираме да можеш да напуштиш територијата на Република Македонија, меѓутоа соседната држава, почитувајќи ги исто така правата на човекот и слободите кажува, ве молам дајте ми пасош со кој вие законито ќе влезете на оваа територија. Прашање беше дали ова не значи ограничуваше на тие права. Се согласивме дека таква работа не значи ограничување, па и ова е еден елемент, тоа е фискалниот дел, беше избор што претставува, дали е такса, дали е данок, депозит веќе се расчисти дека не е , депозитот има значење во оставање па враќање меѓутоа, ова е една такса при излегување. Затоа предлагачите кои говорат за неуставност, тврдам дека овој закон е уставен, тука нема што да расправаме. Како би било ова Собрание само да признае дека го крши Уставот, тоа би било несфатлива работа. Сега по однос на вториот дел дали оваа такса треба понатаму да остане или не.

XI/7.-

Собранието како законодавно тело може во секое време, без оглед колку тој закон и кога бил донесен и да е донесен со одредено време на траење, ако е пополезен, може да го скрати рокот на траење, да донесе поинаков закон. Тоа е политиката на Собранието и тука можеме за таа работа да расправаме

Господа пратеници, ве молам, ако расправате понатаму дали овој закон ќе треба да остане, или не треба да остане, да расправаме во оваа смисла, а не во смисла дали е уставен или неуставен Не сакам да повторувам за она дали државата имала корист или не Економијата и политиката никогаш не можат да најдат заеднички грам на мерење. Секогаш едното над другото преовладува. Овдека сега моменталното расположение на граѓаните е политички проблем да не се плаќа, а интересот на државата е да се плаќа. Ние како  пратеници треба да одлучиме кој од овие два интереса е во моментот пополезен.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ.**

Почитувани пратеници, се јавив само за една мала интервенција. Имено, министерот Тошевски во своето кратко излагање рече дека, односно изрази едно чудење, како Комисијата за економска политика и развој, можела да го прифати овој закон.

Јас сакам да му кажам на министерот, а и на пратениците дека навистина кога Комисијата за економска политика и развој го разгледуваше овој закон, тогаш главните аргументи беа изнесени од предлагачот на тој закон, дека тој закон е против уставен и дека Комисијата, а мене ми е жал што сега претседателот на ЗПК изнесе некои други размислувања, кога неговата комисија во тој момент во повеќе наврати на разгледување на тој закон беше изградила став дека тој закон навистина е противуставен. Од

XI/8.-

таа причина мислам дека Комисијата за економска  политика и развој навистина не го гледаше тој закон од економски аспект туку напротив, бидејќи беа изнесени аргументи пред нас дека тој е против уставен, ние како членови на Комисијата, како пратеници не бевме спремни да го проучиме Уставот, и од таа причина прифативме да биде прифатен тој закон. Меѓутоа, еве денеска имаме сознанија дека навистина тој закон не е противуставен, а економските ефекти се сигурно позитивни за државата, и од тој аспект мислам дека она мислење кое беше изградено на Комисијата во првиот момент мислам дека не треба да биде мериторно, бидејќи состојбите сега се сосема други. Аргументите не се тие за кои таа комисија и даде поддршка и од таа причина мислам дека ова мислење и кај министерот и кај пратениците треба да биде променето.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас имам една исправка. Претседателот Андов рече да не .биде забуна кога ќе се гласа. Тој рече дека ресорното министерство не го прифатил амандманот. Не го прифати амандманот, затоа што не го прифаќа ни законот на предлагачот Стоиле Стојков. Према тоа амандманот не може да се вклопи во овој закон и за Министерството за финансии не игра улога ни мојот амандман ни законот на господинот Стоиле Стојков. Према тоа господине претседателе кога ќе го изнесете на гласање и едното и другото да го формулирате. Значи не само амандманот не поминал за финансии и буџет, туку и законот на Стоиле Стојков.

И уште нешто да кажам пред пратениците. Ако пред два месеца овдека се произнесовме и ја прифативме инфлаторната програма, а еве сега после два месеца веќе друго дискутираме, значи овдека е крајна несериозност. За едно се залагаме, а овдека сосема друго мислиме. Затоа ве молам дајте барем да одиме три до четири месеци со законите кои ги

прифативме едногласно. Ве молам претседателе амандманот не само што не е прифатен, туку не е прифатен и законот. Значи не може едното со другото да одат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, се разбира господине Јованов, ние ќе дојдеме на законот. Сега сме на амандманот. Инаку, кога ќе треба да продолжиме со претресот после амандманот, ќе ве потсетам дека Владата не даде согласност, има мислења да не се донесе овој закон.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не мислев да се произнесувам за амандманот на господинот Јованов, но едноставно имам еден сомнеж од карактер на самата постапка. Предлагачот на законот не е сега тука, а ние водиме расправа. Во меѓувреме слушнав дека друг пратеник се приклучил. Сакам да знам дали е тоа можно, дали е тоа по писмен пат сторено, дали само вербално и дали ќе продолжиме со оваа постапка сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа слабост на постапката може да се уважи само ако е еден предлагач. Меѓутоа, за предлагач се придружи и господинот Петров, па да видиме дали што го нема Стоиле Стојков е слабост на постапката. Собранието може да одлучи. Предлагач има.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Сега уште сме на процедура, очигледно. Текстот кој што е предмет на расправа на оваа седница, кој што го имаме сите, стои предлагач: пратеник на ВМРО-ДПМНЕ Стоиле Стојков кој што на втората страница има назначено дека за претставник на предлагачот се определува пратеникот Стоиле Стојков. Јас како пратеник во ова Собрание се уште немам никаква официјална информација дека претставник на предлагачот може да биде Тодор Петров, не можам да го прифатам тоа немам никаков аргумент за тоа.

XII/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, вие имате допис во кој Тодор Петров се придружува како предлагач и тоа е дојдено после овој допис кој ви е вам доставен. Меѓутоа, јас не гледам дека има деловничка пречка, ние можеме да работиме. Ако сакаме да не го донесеме Законот тоа треба на друг начин да се прави.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Кога некој не ги чита материјалите што ги прима нормално е дека може од оваа говорница се и сешто да каже. Пратеникот Тодор Петров имаше закон за изменување и дополнување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство. Амандман на тој закон поднесе пратеникот Панче Минов. Јас ги прифатив и се смени содржината на законот која што гласи: Закон за престанување на важноста на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство. Мене и до ден денес сеуште не ми е јасно овој Парламент дали го разгледува Предлогот на пратеникот Стоиле Стојков или предлогот на пратеникот Тодор Петров. Ако се два закона во постапка, а до сега не добивме известување чиј предлог се разгледува, тоа Претседателството треба да го објасни. Меѓутоа, и да не е присутен предлагачот од пратеникот Стоиле Стојков бидејќи тоа не беше разјаснато, ценам дека Законот во постапка со предлагачот пратеникот Петров е присутен. Во моето образложение не станува збор за уставност или не уставност на законот, образложението еднаш го дадов, заради рационалност на времето кога ја прекинавме расправата немав да го повторам. Меѓутоа квази Законодавно - правната

комисија даде согласност дека има уставен основ овој закон да се донесе.

Со оглед на тоа, предлагам Собранието да се изјасни дали предлогот од пратеникот Тодор Петров, бидејќи не е присутен пратеникот Стоиле Стојков, ќе се усвои или не. Ако некој не сака, нека не измислува илјада и една причина за да не глас. Може и без една изговорена буква од оваа говорница да крене два прста против и проблемот ќе се реши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако господинот Петров на Претседателството имаше некоја забелешка кога јас прочитав дневниот ред и овде укажав дека тоа е предлог на двајца предлагачи, името и презимето го прочитав, требаше да интервенира тогаш. Нешто задоцнил со интервенцијата.

Инаку, го молам да не употребува имиња на телата на Собранието кои не се запишани во Деловникот.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Од место).

Па јас незнам каде е овде квази правдата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да викате од место, зборувајте само кога ќе добиете збор овде. Ќе ви дадеме збор кога ќе побарате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ниту сум имал намера да полемизирам со господинот Петров, ниту сега тоа го чинам. Само ќе кажам дека му се извинувам, јас не сум квази правник и Законодавно - правната комисија не е квази комисија. Таа даде свое мислење дека ваков закон може да се донесе. Има место за донесување таков закон, а неговото донесување ќе го одлучи овој

Парламент. Според тоа, господин Петров, благодарам на укажувањето за квази својство.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Реплика)

И да не ме споменеше пратеникот Стојановски можам да си побарам збор. Во излагањето и извештајот на Законодавно - правната комисија пишува: Комисијата оценува дека има уставен основ за негово донесување. Не кажа дека може да се донесе, но и не мора туку има уставен основ за негово донесување. Јас сметам дека се е кажано од Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина Комисијата тој извештај не го повлече. Си останува на тоа така? Дали го оспорува некој од Комисијата? (Не). Добро,останува, тоа е ставот на Комисијата. Само тоа не е доволна причина да и го менуваме името. По деловник таа си има.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Ако предлагачите Тодор Петров и Стоиле Стојков предложиле измена на Законот и кажаа дека граѓаните се ослободуваат од обврската за плаќање при првото патување во странство, мислам дека ќе беше поддржан од повеќе пратеници, затоа што со тој предлог ќе се заштитеше државата и граѓаните, еден голем дел од граѓаните. Вака како што е предложено мислам дека нема основ да го поддржиме законот што е предложен, оној што сме го гласале во ова Собрание со огромно мнозинство

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ги измешаме работите. Сега е на расправа односно се води претрес по амандманот. Јас отворив претрес по амандманот на господинот Ристо Јовановски. Ајде да завршиме по амандманот, а потоа ќе одиме на Законот.

Дали по амандманот некој. Бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот на господинот Ристо Јованов треба да се поддржи и е во функција само во прилика ако се усвои од ова Собрание Законот предложен од предлагачите, затоа што при фактот на усвојување на тој закон од предлагачот со амандманот предложен од пратеникот Ристо Јованов се намалува штетата што ќе се предизвика од усвојување на тој закон. Практично се одлага примената на Законот за усвојување за еден ипол месец додека трае туристичката сезона. Во спротивно, доколку не се усвои законот на предлагачите, нема ни функција ни амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали по амандманот уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (30 пратеници гласаа за).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас сметам дека имаше повеќе гласови и барам поединечно да се изјаснат пратениците. (Во салата се слушаат реакции на пратеници).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е толку нелогично сега да се оди на поединечно гласање заради тоа што ни требаат многу гласови за да се исправи.

Дали има 10 пратеници кои инсистираат какао Ристо Јованов поединечно да се гласа? (Тројца пратеници креваат рака).

Констатирам дека нема повеќе пратеници кои тоа го сакаат туку само тројца.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство и пратеници, мислам дека за нас е важно во моментот да се сврти внимание на две работи: На апелот од страна на одделни пратеници до нас другите пратеници за чувството на државноста. Мислам дека Поткрепата на тој апел позиционо е многу слаба и сите ние пратеници тоа чувство на државноста не би требало така лесно да се дозволи низ говорницата да се испрати апел за тоа кога е во прашаше еден закон за кој сите сме свесни која е целта и затоа го гласавме.

Но, втора работа на која треба да свртам внимание е следното: Сите исто се свесни дека овој закон е антидемократски. Мислам дека позиционо ја слабее политичката позиција на Република Македонија и во моментот е во спротивност со нашето залагање за слободно движење на граѓаните, пред се во соседните земји а потоа и пошироко.

Зошто е така? За мене, анализирајќи ја социјалната моќ на граѓанинот цврсто сум убеден дека граѓанинот при излегување од граница плаќа прилично висока цена. 30 марки за наш граѓанин, за наш џеб е доста осетливо.

Запазувајќи ја до крај сета одговорност и сета искреност кон желбата кон тоа што се настојува да се подразбере под тоа да водиме сметка за државноста, ценам дека државата треба да ги користи другите можности и другите патишта и дозволете ми да направам една дигресија. Од близу

500.000 вработени во Република Македонија мислам дека месечно можат да поднесат да помагаат со 1000 динари, 200.000. 200.000 вработени можат неколку месеци да издвојат по 1000 динари и тоа да не биде ниту голема казна ниту голема штета, а се собираат месечно по 200.000.000 динари. Можат да се користат и други патишта и други можности и други ставки, да се стават даноци и друго, но мораме да водиме сметка во овој наш чекор, сметајте дека и соседите, било кој од нас исто така оваа мерка од 30 марки нема да ја прифати и има забелешка. Ние бараме на пр. од соседот Бугарија таксата за патарина да ја отстрани зашто цениме до Софија 10 марки, а до граница 20 и неколку, дека и тоа е еден вид казна за нашиот граѓанин кој патува на пр. до Истанбул. Затоа, да не должам многу, малку повнимателно кога образлатаме зошто да се прифати законот, зошто да не се прифати, на која страна да се определиме, а на која не. Исто така, би било пожелно од ограна на Владата уште навреме да беше посочено конкретно Фондот од овие пари за што би се употребил, односно намената, да им стане сосема јасно на граѓаните, а не само акумулирање на девизни средства во интерес на државата. За која и да е мерка за која ќе се одлучиме в ред е да се договориме и да одлучиме заеднички, да не се одвоиме во оваа работа но некој однапред да се повика на чувство за државност како да кај другиот тоа чувство е слабо или е малку потапо, ми се чини дека малку тука претеруваме. Би било можеби подобро да се остави овој проблем да го реши новата Влада. Тоа е и мојот предлог.

XIII/1 СП/ОМ

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувани пратеници, сакам да објаснам зошто ќе гласам за Законот односно за укинување на обврската од плаќање на 30 ДМ при патување во странство.

Прво, со овој закон и оваа мерка се работи за административна, а не економска мерка за обезбедување на девизни резерви на Републиката

Република Македонија и нејзините државни органи треба да воведат економска стимулативно извозна мерка за обезбедување на девизни резерви како што е компаративната пракса во другите западно-европски земји

Второ, по однос на Уставното право за слободно движење овде се работи не за негово укинување, туку со оваа мерка се условува задоволувањето на тоа право што значи ставање во нерамноправна положба на граѓаните во користење на истото и еднаквоста при патувањата, при патување во доредени држави истото стои како обврска додека при патување во друга држава не стои што како уредување со еден закон е недозволена работа.

Трето, по мене, тоа е јавното мнение во реагирањето по однос на законот. Најнеприфатлив и најнепопуларен закон од Антиинфлационата програма тоа е овој закон од страна на граѓанството

Сакам да коментирам некои искажани констатации во однос на тоа ние како пратеници и како парламент да внимаваме што гласаме во овој парламент. Јас коментирам дека ние треба да внимаваме какви реагирања кај граѓаните предизвикуваат донесените закони, од аспект на нивни интереси, па природно е некои закони да ги укинеме односно да престане нивната важност.

XIII/2

Исто така овде беше искажано дека треба да имаме чувство за државата, Не спорејќи го тоа како национално чувство за државата, но сигурно не со оваа административна мерка , треба да имаме чувство и за граѓаните, па во таа функција моја заложба е да се укине обврската од плаќање на ЗОДМ при патување во странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам сосема краток, сметам дека ќе има еден закон кој го носи ветрот како што дува односно некни го донесовме, а сега има иницијатива за измена. Расположението на граѓаните кон овој закон не е добар и ценам дека истиот не би требало понатаму да заживее, туку сакам да. потенцирам дека е време^ истиот да го измениме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас би сакал да дадам една напомена за да се разјасниме. Мислам дека не е баш јасно дека ние се одлучивме да градиме еден систем кој се вика капитализам, а во тој систем едно од основните правила е секое задоволство треба да се планти. Ако сака некој да отиде во Солун да пие кафе, мислам дека треба да се плати. Ова треба да се сфати ако еден вид данок што државата го вовела и ништо повеќе.

Спрема тоа, дека е ова антидемократски, повторно ќе се вратам, не држи, бидејќи за да биде до Солун од Скопје треба да плати и патарина, па дали и таа е антидемократска што некој мора за да стигне до таму да даде уште додатни пари за патарина или ќе ја укинеме и неа за оние што одат за Солун или странство. Дајте да разбереме и сфатиме секое задоволство должни сме во систем каков што се решивме да градиме да го плаќаме и мора да го платиме, а ова за државата претставува само еден дополнителен стимул за оваа држава и веројатно таа држава ќе знае тие средства да ги искористи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Ѓорѓески.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Очигледно по волку дискутанти незнам дали ќе може човек нешто ново да каже, меѓутоа, една ситуација е јасна како да не ни е јасно кој се патува во странство и кои се условите за патување во странство. како да не знаеме на кое ниво падна стандардот и како да не знаеме на луѓето со 100 ДМ личен доход ни на крај памет не му паѓа одење во странство. Како да не знаеме што е целта што овде се инсистира да се укине тоа и кој дел, кој сегмент од народот сака некој да го штити. Тоа го кажаа мнозина пред мене и не сакам п веќе да зборувам.

Второ, мислам дека треба еднаш да се каже ние сакаме држава, настојуваме со сите снаги да ја изградиме, да создадеме основа, а имаме многу сегменти кои како граѓани не ги исполнуваме. Почнувајќи од она што значи даноци и обврски еве често пати слушаме информации со каков процент тие се наплаќаат.

XIII/4

Понатаму слушнав тука и заради тоа излегов,дека активноста е насочена кон државниот односно општествениот сектор, а оној сектор кој сега се формира настојуваме да го заобиколиме. Буквално во досегашната работа на> овој Парламент најчесто се посегнуваше по придонеси и по се она што и недостигаше на државата во општествениот сектор, кој остана самиот да се снаоѓа во овие катастрофални услови на стопанисуваше. Мислам дека ако повторно ние како Парламент донесеме одлука да се усвои овој закон што мислам дека најмалку ни е до него, мислиме за заздравување на државата и создавање на услови и треба да и создадеме можност да ги решава проблемите со кои сега буквално е судрена и не може да ги разрешува. Да не набројувам^ЕШ^ што беше кажано од многу дискутанти пред мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Кога се покренуваат вакви прашања очигледно е непопуларно секој за едно да се залага. Меѓутоа, сакам да потенцирам една работа. Кога беше затворената седница многу аргументи се изнесоа во однос на Антиинфлационата програма при што рековме дека основните сидра се тие и тие, меѓу другото потенциравме дека неа ќе ја следат или ќе е бидат проследени низа мерки и една од мерките беше и ова мерка. И нормално таа мораше да се уреди со некој закон. Исто така ако го покренуваме прашањето како мерка да ја преиспитуваме преку оваа законска основа се поставува прашањето и мерката на личниот доход како таква мерка што рековме дека личните доходи ќе бидат замрзнати во период од шест месеци. Принципиелно го поставувам прашањето, а воедно одговорот е следен. Овде не се работи за никаква друга давачка, освен јавна давачка

како привремена мерка. Ако ние се откажеме од таа мерка како привремена мерка тогаш треба да покренеме прашање и за другите мерки. Лично мислам ако се бара аргументација на мерката како мерка дали има основа и дали ќе ги даде економските ефекти, одговорот е негативен, но бидејќи е мерка, тогаш треба да го отвориме прашањето и мерката за личниот доход. Не знам дали тогаш ќе најдеме излезно решение во Парламентот како пратеници и да не и префрлуваме на Владата.

Според тоа, се отвора прашањето и спрема општествените дејности затоа кога се јавив за збор чисто сакав да помогнам во размислувањата дека се работи за мерки од времен карактер и ако се обидуваме да бараме елаборираше на таа ситуација веројатно секој од нас имаме одговор на тоа прашање а која структура и која категорија го прави јавното мислење за укинување на ова мерка преку законот мислам ќе се најде и друга противтежа што ќе го покрене прашањето и за личниот доход.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Абдурахман Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Мислам дека е сосема, според мое убедување, безпотребно ги комплицираме некои работи дали намерно или не, незнам. Тука се тврди дека законот имал уставен сонов или немал уставен основ и при тоа ги граничува слободите на граѓаните, што воопшто не е точно. Според Уставот секој има право на вработување и слободен избор на занимањето. Меѓутоа фактот што некој наумил да биде адвокат па не може да се запише во регистарот на адвокатите не значи дека нему му се ограничени слободите и правата, туку тоа се условите, треба да исполнува одредени услови и да биде тоа.

Спрема тоа, во таа смисла законот не може да биде нападнат ни при неговото донесување ни при неговото укинување. Ситуацијата е сосема јасна Собранието донесува вакви и вакви закони, тоа го пишува во Уставот и тоа е неспорно. Тука беше расчистено уште при донесувањето на овој Закон дека ова е некоја мерка привремена непривремена, популарна непопопуларна, сите тие работи беа кажани тука, а став е на Собранието, сега ние не можеме да се убеди- ме меѓу себе како ќе гласаме оти секој овде што кажува образложува мислење како потоа ќе гласа, тоа може да го стори со едноставно кревање односно некревање на рака и други импликации во врска со тоа да се користи оваа говорница и да се кажат и други работи, мислам дека не е во ред. Во ред е да се изјасниме дали сакаме овој Закон да важи уште три месеци, дали сакаме да го укинеме, тоа ќе го направиме единствено со гласање, а а не со убедување како да гласаме оти секој при гласањето самиот се определува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Зибери се откажува од зборување.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака, гласаме за законот на предлагачите. (32)

32 пратеници гласаа за законот.

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за престанок на важноста на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство.

Со ова седницата е завршена

Утре во 10,00 часот ќе почнеме со новата седница, а законот што е поделен сега од петте пратеници прво да го гледа Комисијата оти мора да се истера постапка по него.

(Седницата заврши со работа во 16,55 часот.)